ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

ЗАПАДЕН БАЛКАН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извештај во Сенка

Период: Јан 2025 - Март 2026

Издавач:

Институт за истражување и
анализа на политики - Ромалитико

Дизајн:
Кенан Таир

Овој Извештај во сенка за спроведувањето на јавните политики за Ромите во Северна Македонија е подготвен во рамките на регионалниот проект финансиран од Европската Унија „Надминување на бариерите: Резилиентност на Ромите во Западен Балкан “, за периодот јануари 2025 – март 2026 година.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.

Скопје, март 2026

Листа на кратенки

- АВРСМ – АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- БИЈК – БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
- КСЗД – КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
- ЕНЕР – ЕДИНСТВЕН НАЦИОНАЛЕН ЕЛЕКТРОНСКИ РЕГИСТАР НА ПРОПИСИ
- ФРА – АГЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА
- СДМ – СТАПКА НА ДОЕНЕЧКА СМРТНОСТ
- ИПА – ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
- МОН – МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- МКД – МАКЕДОНСКИ ДЕНАР
- МЗМП – МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ
- МСПДМ – МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ
- ОБСЕ – ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА
- РСМ – РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- СМА – СПИНАЛНА МУСКУЛНА АТРОФИЈА
- СЗО – СВЕТСКА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

СОДРЖИНА

1.ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ 1
2.ОБРАЗОВАНИЕ 5
2.1 ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ 5
2.2 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ 6
2.3 СРЕДНО И ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ 8
2.4 ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ 9
2.5 РОМСКИ ОБРАЗОВНИ МЕДИЈАТОРИ 11
2.6 ТУТОРСКА ПОДДРШКА ЗА ДЕЦАТА РОМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 12
2.7 УЧЕНИЦИ РОМИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ 13
2.8 СЕГРЕГАЦИЈА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 14
3.ЗДРАВСТВО 17
3.1 ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ 17
3.2 СТАПКА НА СМРТНОСТ 17
3.3 ПРОГРАМА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА 20
3.4 ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА 2024 И 2025 – ФОКУС НА РОМИ 23
4.ДОМУВАЊЕ 24
4.1 ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ 26
4.2 ЛЕГАЛИЗАЦИЈА 27
4.3 СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ 27
5.ГРАЃАНСКА РЕГИСТРАЦИЈА И РИЗИК ОД БЕЗДРЖАВЈАНСТВО 28
6.ДИСКРИМИНАЦИЈА И АНТИЦИГАНИЗАМ 30
7.СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА, РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 33
8.БЕЗДОМНИШТВО И ДЕЦА НА УЛИЦА 35
РОМСКИ ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ 36
9.ВРАБОТУВАЊЕ 37
9.1 РЕГИСТРИРАНА НЕВРАБОТЕНОСТ 2025 40
9.2 РЕГИСТРИРАНА НЕВРАБОТЕНОСТ 2026 45
9.3 ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА 52
9.4 ВОЗРАСНА СТРУКТУРА НА НЕВРАБОТЕНИ 54
9.5 НЕВРАБОТЕНОСТ СПОРЕД ВРЕМЕ НА ЧЕКАЊЕ 57
9.6 ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ НА ЛИЦА СО СОСТОЈБА ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2025 59
9.7 ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ НА ЛИЦА ЈАНУАРИ – МАРТ 2026 ГОДИНА 63
9.8 ВКЛУЧЕНОСТ НА РОМИТЕ ВО АКТИВНИ МЕРСКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 2025 ГОДИНА 66
БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 37
10.БУЏЕТ 72
8.1 ПЛАНИРАН , РЕАЛИЗИРАН БУЏЕТ И БУЏЕТСКИ ЈАЗ ЗА 2025 ГОДИНА 72
8.2 БУЏЕТ 2026, СПОРЕДБА НА ПЛНИРАНИ БУЏЕТИ И РЕАЛИЗЦИЈА ДО МАРТ 2026 НА 74
11.ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 76

1. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

Институција	Улога и опис
Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите (воедно и Национален координатор за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022–2030)	• Претставник назначен од Владата за координација и следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите. Како Национален координатор, ја обезбедува координацијата и соработката со сите релевантни институции и чинители на политичко ниво и претседава со Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022–2030. • *Министерот без ресор нема посебен буџет наменет за спроведување на активностите за Ромите*.
Министерство за социјална политика, демографија и млади	• Министерството има водечка улога во подготовката, координацијата и следењето на Стратегијата за инклузија на Ромите и Националните акциски планови. Во негов состав функционира Одделението за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите, кое е одговорно за подготовката и следењето на стратешките документи. • *Министерството располага со буџет за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите*.
Национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите	• Националното координативно тело е формирано со цел следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022–2030. • Со Телото претседава Министерот без ресор (Министер Шабан Салиу), кој воедно ја извршува и функцијата Национален координатор. • Во неговиот состав членуваат претставници од: Кабинетот на министерот без ресор, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд и Министерството за финансии. • По потреба, на состаноците учествуваат и претставници на други институции, меѓународни организации, независни експерти и граѓански организации. • Учество на граѓанските организации: Во споредба со претходниот период, учеството на граѓанските организации во работата на Националното координативно тело е зголемено.

	• Покрај претставниците на ромските граѓански организации кои се членови на Телото, на состаноците редовно се поканууваат и други граѓански организации кои работат во областа на човековите права и антидискриминацијата. • Ова придонесува за пошироко учество на граѓанскиот сектор во следењето и имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите и овозможува поинклузивен дијалог во процесот на креирање и следење на јавните политики.
Комитет за односи меѓу заедниците	• Комитетот за односи меѓу заедниците е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, формирано согласно Амандманот XII од Уставот. Комитетот го сочинуваат 19 членови, од кои по седум членови од редот на пратениците Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку некоја од заедниците нема свој пратеник во Собранието, Народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на таа заедница, предлага член на Комитетот. • Во април 2025 година, согласно оваа уставна одредба, беше назначен член на Комитетот од ромската заедница, имајќи предвид дека во актуелниот состав на Собранието нема пратеник од ромска етничка припадност. За член на Комитет беше назначен Јаше Сефер. Со тоа беше обезбедено континуирано учество и застапување на ромската заедница во работата на Комитетот.
Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција	• Оваа интерпартиска парламентарна група беше формирана во текот на Мај месец 2025. Пратеникот Игор Здравковски е претседател на групата, додека за негови заменици се пратениците Амар Мециновиќ и Арбана Пашоли.
Заменик министер за локална самоуправа и Заменик министер за политички систем	• Како дел од владината коалиција, учеството на Ромите останува исто како и во предходниот репортен период. Двајца припадници на ромската заедница ги вршат функциите на **заменик министер за локална самоуправа (Заменик министер Ерџан Селими)** и **заменик министер за политички систем (Заменик министер Неждет Мустафа).**

Во однос на идните активности, Кабинетот на министерот без ресор информираше дека Владата планира да го зајакне системскиот пристап кон подобрување на условите за домување на Ромите преку реформи на правната рамка за социјално домување и подготовка на нови акциски планови. Според доставените информации, во тек е процесот на усогласување и унапредување на законодавството за социјално домување, со цел да се воспостават долгорочни и одржливи решенија за ранливите групи, вклучително и ромската заедница.[1]

Друг охрабрувачки развој е заедничката иницијатива на Кабинетот на министерот без ресор и Министерството за социјална политика, демографија и млади за подготовка на нов пакет акциски планови за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите. Во процесот на подготовка беа вклучени консултации со релевантните министерства, граѓанските организации, претставниците на Ромите и другите засегнати страни, со поддршка од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Се очекува акциските планови да бидат усвоени во претстојниот период и да утврдат конкретни мерки, институционални надлежности и механизми за спроведување во различните области опфатени со Стратегијата. Нивното навремено усвојување и ефикасно спроведување ќе бидат од суштинско значење за преточување на стратешките заложби во мерливи резултати.[2]

Иако овие иницијативи укажуваат на намера за воспоставување покоординиран и посистематски пристап, нивното влијание ќе зависи од навременото усвојување на предложените законски измени, обезбедувањето соодветни финансиски средства, воспоставувањето јасно дефинирани индикатори за следење на спроведувањето и ефикасната реализација на мерките на национално и локално ниво. Според Кабинетот на министерот без ресор, овие планови треба да придонесат за поефикасна распределба на буџетските средства и подобра координација со меѓународните партнери.

Во текот на 2026 година беа забележани одредени позитивни промени во областа на институционалната координација поврзана со спроведувањето на Стратегијата за инклузија на Ромите. Во споредба со претходните години, Кабинетот на министерот без ресор, одговорен за спроведувањето на Стратегијата за Ромите, покажа подобрена транспарентност и комуникација со граѓанските организации, претставниците на Ромите и другите релевантни засегнати страни. Процесот на консултации стана поотворен и поинклузивен, овозможувајќи поредовна размена на информации и поголеми можности за учество на засегнатите страни во дискусиите за политиките за инклузија на Ромите. Значително подобрување беше забележано и во функционирањето на Националното координативно тело за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите. Во текот на периодот на известување, Координативното тело одржа неколку состаноци и покажа потранспарентен и партиципативен пристап во своето работење. Неговата обновена активност претставува позитивен чекор кон зајакнување на институционалната координација, олеснување на соработката меѓу релевантните институции и следење на спроведувањето на стратешките приоритети.

Овие случувања укажуваат на постепено подобрување на институционалната координација и вклученоста на засегнатите страни во споредба со претходните години. Сепак, сè уште постојат значителни предизвици. Иако комуникацијата и транспарентноста се подобрени, политичката

[1] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците – Кабинет на министерот без ресор задолжен за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите, 2026 година..
[2] Исто.

посветеност за справување со структурните нееднаквости со кои се соочуваат Ромите останува недоволна.

Спроведувањето на политиките за инклузија на Ромите и понатаму во голема мера зависи од посветеноста на поединечни институции, наместо од силна и координирана политичка агенда поддржана од Владата во целина. Како резултат на тоа, усогласувањето на националните стратегии со реалноста и приоритетите на ромските заедници останува нерамномерно, што ја ограничува севкупната ефективност на Стратегијата. Дополнително, сè уште се потребни значителни напори за зајакнување на правната и политичката рамка за инклузија на Ромите. Постојните празнини во законодавството и политиките продолжуваат да го попречуваат ефективното остварување на правата на Ромите, додека усвојувањето на потребните законски реформи и политички мерки се одвива побавно од очекуваното. Зајакнувањето на механизмите за заштита од дискриминација, подобрувањето на отчетноста, обезбедувањето соодветни буџетски средства и унапредувањето на реформите во областите на образованието, вработувањето, домувањето, здравствената и социјалната заштита остануваат клучни приоритети.

КООРДИНАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИ

Во текот на 2025 година и почетокот на 2026 година, Одделението за имплементација на Националната стратегија за Роми и Националните акциски планови за Роми реализираше повеќе активности насочени кон подобрување на политиките за инклузија на Ромите и зајакнување на институционалната координација. Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ беа подготвени неколку стратешки документи, вклучувајќи Анализа на статусот на жените Ромки во Северна Македонија, Извештај за евалуација на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки за периодот 2022–2024 година, како и финансиска анализа на Предлог-законот за социјално домување.

На 10 март 2026 година беше организирана панел-дискусија на тема „Достигнувањата на жените Ромки – успеси и предизвици“, со цел размена на искуства, идентификување на системските предизвици и можности за економско јакнење, социјална инклузија и унапредување на положбата на жените Ромки. Настанот придонесе кон продлабочување на соработката помеѓу институциите, граѓанскиот сектор и претставниците на ромската заедница.

Дополнително, на 24 март 2026 година беше одржан координациски состанок со градоначалници и претставници на општините со цел планирање на интервенции во рамките на ИПА III Годишната акциска програма за 2024 година. На состанокот беа разгледани можностите за вклучување на општините во спроведувањето на проекти поврзани со домувањето на Ромите и другите ранливи групи, со учество на претставници од секторите за урбанистичко планирање, просторно уредување и социјално домување.

Во периодот на подготовка на овој извештај беше во тек процесот на подготовка на новите Национални акциски планови за сите приоритетни области од Стратегијата за Роми, како и подготовка на посебен Национален акциски план за девојчињата и жените Ромки. Ова претставува важен чекор кон обезбедување континуитет на политиките за ромска инклузија и нивно усогласување со актуелните потреби на заедницата.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

2.1 ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) ја спроведува мерката за ослободување на родителите од плаќање партиципација за предучилишно образование. Во учебната 2025/2026 година, вкупно 187 деца Роми ја користеле оваа мерка во 19 детски градинки во 19 општини. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2025 година во јавните предучилишни установи на национално ниво биле запишани вкупно 37.742 деца, од кои 553 биле деца Роми. Тие претставувале 1,47% од вкупниот број деца запишани во јавните предучилишни установи. Од нив, 187 деца Роми, односно приближно 34%, ја користеле мерката согласно владината препорака за ослободување од плаќање партиципација на децата Роми од социјално загрозени семејства.[3] Додека, според податоците на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025/26 година, бројот на Роми деца запишани во предучилишно образование на национално ниво изнесува 526, што според нивните пресметки претставува 1.45% оф вкупниот број на деца запишани во предучилишно образование.[4] Овој низок процент укажува на континуираната недоволна застапеност на децата Роми во предучилишното образование, и покрај неговото клучно значење за долгорочниот образовен успех и социјалната инклузија.

Табела 1: Вкупен број деца во детски градинки – центри за ран детски развој

2023		2024		2025	
Вкупно	**Роми**	**Вкупно**	**Роми**	**Вкупно**	**Роми**
37.804	583	37.871	549	37.742	553

Извор: Државен завод за статистика.

Табела 2: Вкупен број деца во развојниот период од двегодишна возраст до поаѓање на училиште

Категорија	2023 – Вкупно	2023 – Роми	2024 – Вкупно	2024 – Роми	2025 – Вкупно	2025 – Роми
Деца во развојниот период од двегодишна возраст до поаѓање на училиште	30.793	492	30.864	456	31.246	486

Извор: Државен завод за статистика.

Табела 3: Број на деца ослободени од плаќање на партиципација за градинка

Деца ослободени од плаќање на партиципација за градинка	**2023**	**2024**	**2025**
	248	150	187

Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Во учебната 2025/2026 година, мерката за ослободување од плаќање партиципација се спроведувала во следните општини: Радовиш, Неготино, Виница, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Делчево, Крива Паланка, Пехчево/Црник, Центар, Карпош, Охрид, Чаир, Берово, Гостивар, Битола, Куманово, Велес и

[3] *Податоци од Државен завод за статистика*
[4] Информации добиени преку БИЈК

Гази Баба. Владината препорака ги опфатила и општините Шуто Оризари и Кичево, но според добиените податоци, овие општини не пристапиле кон спроведување на мерката.[5] За спроведување на оваа активност, Министерството склучило трипартитни договори за соработка меѓу општините и јавните предучилишни установи – детски градинки. Со договорите биле опфатени вкупно 20 општини вклучени во Препораката на Владата на Република Северна Македонија за ослободување од плаќање партиципација на децата Роми на возраст од три до шест години кои потекнуваат од семејства во социјален ризик

Табела 4: Број на деца ослободени од плаќање на партиципација за градинка

Градинка	Општина	Вкупен број	Вкупен број Роми		Партиципација за децата Роми	
			М	Ж	Ослободени од партиципација	Плаќаат партиципација
Ацо Караманов	Радовиш	426	3	5	7	1
Фемо Кулаков	Неготино	517	8	6	2	12
Гоце Делчев	Виница	330	14	11	15	10
Рада Поцева	Кавадарци	1117	15	18	14	19
Наша иднина	Прилеп	1484	6	11	11	6
Павлина Велјанова	Кочани	767	16	11	19	8
Весели Цветови	Делчево	302	8	12	15	5
Детелинка	Крива Паланка	346	8	12	15	11
7-ми Септември	Пехчево/ с. Црник	79	4	7	8	3
Центар	Р.Ј.Корчагин	663	2	2	0	4
Карпош	Пролет	770	9	2	0	11
Охрид	Јасна Ристеска	1287	2	0	1	1
Чаир	Снежана	637	19	16	3	32
Берово	23 Август	254	9	16	16	9
Гостивар	Детска радост	1273	33	19	26	26
Битола	Е.О.Мара	852	12	8	16	4
Куманово	Ангел Шајче	1922	2	4	3	3
Велес	Димче Мирчев	1093	7	5	1	11
Гази Баба	25 Мај	1184	10	10	15	5

Табела 4: Број на деца ослободени од плаќање на партиципација за градинка
Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

2.2 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Според податоците од Министерството за образование и наука, добиени во април 2026 година, во учебната 2025/2026 година биле запишани вкупно 9.515 ученици Роми. Во споредба со учебната 2024/2025 година, бројот на запишани ученици се намалил за приближно 773. Во учебните 2022/2023 и 2023/2024 години, бројот на запишани ученици Роми бил непроменет и изнесувал 11.055, согласно податоците доставени од Министерството за образование и наука во април 2025 година. Истовремено,

[5] Исто.

бројот на ученици кои го напуштиле образованието и бројот на ученици повторно вклучени во образовниот систем во учебната 2024/2025 година се намалиле во споредба со претходната учебна година.

Намалувањето на бројот на ученици Роми запишани во основното образование може да се должи на повеќе причини, меѓу кои високата стапка на иселување од државата, дискриминацијата, јазичните бариери и други фактори што влијаат врз нивното вклучување во основното образование. Иако претходните податоци укажуваа на стабилни трендови, неодамнешниот пад ја нагласува потребата од континуирано следење и навремени, соодветни мерки за да се обезбеди вклученоста на децата Роми во образовниот систем, и покрај демографските промени.

Табела 5: Запишани ученици Роми во основното образование во учебната 2025/2026 година

Учебна година	Вкупно	Момчиња	Девојчиња
2025/2026	9.515	4.948	4.567
2024/2025	10.288	5.284	5.004

Извор: Министерство за образование и наука

Табела 6: Ученици Роми во основното образование

2020/21		2021/22		2022/23		2023/24		2024/25	
Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми
185.925	10.184	184.910	10.256	182.245	9.959	181.311	10.014	178.918	9.979

Извор: МакСтат

Табела 6: Ученици кои завршиле редовно основно образование, според етничката припадност

2020/2021		2021/2022		2022/2023		2023/2024		2024/2025	
Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми	Вкупно	Роми
19.173	615	19.012	617	18.791	575	19.179	646	19.673	712

Извор: МакСтат

Табела 7: Ученици Роми кои завршиле редовно основно образование, според пол

2020/21		2021/22		2022/23		2023/24		2024/25	
Д	М	Д	М	Д	М	Д	М	Д	М
306	309	314	303	281	294	309	337	342	370

Извор: МакСтат

Табела 8: Преглед на учениците Роми запишани во основното образование и учениците што го завршиле основното образование во периодот 2021–2025 година

Учебна година	Вкупен број ученици запишани во основното образование	Ученици кои го напуштиле образованието	Ученици реинтегрирани во образовниот систем	Вкупен број ученици кои го завршиле образованието
2021/2022	10.155	694	185 (26,66%)	9.646 (94,99%)
2022/2023	11.055	530	262 (49,43%)	10.787 (97,57%)
2023/2024	11.055	530	262 (49,43%)	10.787 (97,57%)
2024/2025	10.288	455	172 (37,80%)	9.522 (92,55%)

Извор: Министерство за образование и наука

2.3 СРЕДНО И ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Бројот на ученици Роми запишани во средното образование значително се менувал во текот на последните три учебни години. Од 1.867 ученици во учебната 2023/2024 година, бројот се зголемил на 2.157 во 2024/2025 година, а потоа се намалил на 1.504 ученици во 2025/2026 година.

Табела 9: Ученици Роми во средното образование во периодот 2021–2025 година

Учебна година	Запишани ученици	Ученици кои го напуштиле образованието	Ученици кои го завршиле образованието
2021/2022	2.227	243	1.984 (89,08%)
2022/2023	1.867	95	1.772 (94,91%)
2023/2024	1.867	95	1.772 (94,91%)
2024/2025	2.157	187	1.970 (91,33%)

Извор: Министерство за образование и наука

Табела 10: Ученици Роми запишани во средните училишта

Учебна година	Број на запишани ученици
2025/2026	1.504

Извор: Министерство за образование и наука

Намалувањето во учебната 2025/2026 година може да биде поврзано со пониската стапка на завршување на основното образование, иселувањето, стигматизацијата во училиштата и општиот демографски пад во државата. Овие податоци укажуваат на потребата од инклузивни политики што ќе придонесат за задржување на учениците Роми во образовниот систем. И понатаму се потребни насочени мерки за поддршка со цел да се спречи натамошното намалување на бројот на запишани ученици Роми и да се обезбеди нивно останување во средното образование. Одржувањето стабилни стапки на запишување и завршување на образованието претставува клучен показател за напредокот кон инклузивно и правично образование за децата и младите Роми.

Табела 11: Ученици Роми во средното образование кои добиле стипендија од Министерството за образование и наука

Категорија според постигнатиот успех	Учебна година	Вкупно	Момчиња	Девојчиња
I (4,50–5,00)	2023/2024	212	72	140
	2024/2025	202	54	148
	2025/2026	205	60	145
II (3,50–4,49)	2023/2024	279	105	174
	2024/2025	299	117	182
	2025/2026	307	120	187
III (3,00–3,49)	2023/2024	166	76	90
	2024/2025	213	104	109
	2025/2026	213	102	111
IV (2,00–2,99)	2023/2024	237	140	97
	2024/2025	220	107	113

	2025/2026	379	209	170
Вкупно за учебната 2023/2024 година		894		
Вкупно за учебната 2024/2025 година		934		
Вкупно за учебната 2025/2026 година		1.104		

Извор: Министерство за образование и наука

Стипендиите и понатаму претставуваат клучен поттик за запишување и завршување на образованието на децата Роми. Тие придонесуваат за намалување на економските пречки со кои се соочуваат многу ромски семејства, а кои честопати негативно влијаат врз редовното посетување на наставата и образовниот напредок.

Значајна предност на оваа политика е нејзиниот инклузивен пристап: стипендиите се доделуваат на ученици од сите категории на успех – од ученици со најниска преодна оценка (2) до ученици со највисока оценка (5). На овој начин се препознаваат различните почетни позиции на учениците Роми и се обезбедува поддршка и за одличните ученици и за оние на кои им е потребно дополнително охрабрување, придонесувајќи за поголема правичност во образованието и задржување на учениците во образовниот систем.

Табела 12: Дипломирани студенти во високото образование – последни достапни податоци од 2024 година

Година	Вкупно	Мажи	Жени	Вкупно – Роми	Мажи – Роми	Жени – Ромки
2023	7.422	2.608	4.814	17	8	9
2024	7.021	2.853	4.168	21	9	12

Извор: Државен завод за статистика

Министерството за образование и наука располага исклучиво со податоци за студентите Роми кои се корисници на стипендии. Во академската 2025/2026 година, од вкупно 115 избрани студенти Роми кои ги исполниле условите и критериумите утврдени во Конкурсот за доделување 150 стипендии на студенти Роми запишани на јавните и приватните универзитети, 27 стипендии им биле доделени на студенти запишани во прва година. Овие студенти се запишани на државните универзитети.

2.4 ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

„Ромалитико“ побара информации од Министерството за образование и наука во врска со подготовката на програма за основно и/или средно образование на возрасни Роми во 2025 година, со цел нивно вклучување во соодветните нивоа на основното или средното образование. Министерството одговори дека Центарот за образование на возрасните е јавна установа основана од Владата на Република Северна Македонија во 2008 година, со цел да го координира и развива системот за образование на возрасните во државата. Неговите главни надлежности опфаќаат:

- **Следење, анализа и развој на системот за образование на возрасните:** Центарот за образование на возрасните континуирано ги следи и анализира образовните потреби на возрасните и предлага мерки за унапредување на системот.
- **Подготовка на програми и материјали:** Центарот учествува во подготовката на програми и наставни материјали за образование на возрасните, со цел да се обезбеди квалитетно и релевантно образование.

- **Стручен надзор и евалуација:** Центарот врши стручен надзор и евалуација на давателите на услуги за образование на возрасните, со цел да се обезбедат квалитет и усогласеност со утврдените стандарди.

Во однос на развојот и верификацијата на програмите за образование на возрасните, постапката се спроведува на следниот начин:

1. **Развивање на програмите:** Давателите на образование за возрасни, како што се училиштата, високообразовните установи и специјализираните институции, изработуваат посебни програми за образование на возрасните што водат кон стекнување стручни квалификации.
2. **Верификација на програмите:** За да бидат официјално признаени, програмите треба да бидат верификувани. Барањето за верификација се поднесува до Министерството за образование и наука преку Центарот за образование на возрасните. Центарот врши стручна процена на програмата и до Министерството доставува препорака за нејзина верификација.

Оваа постапка треба да обезбеди програмите за образование на возрасните да бидат квалитетни и усогласени со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина. Министерството за образование и наука е државната институција надлежна за нивно одобрување и/или верификација, со што се обезбедува формална поддршка за образованието на Ромите во Република Северна Македонија. Истовремено, врз основа на член 15 став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Министерството за образование и наука донесе решение за утврдување нова наставна програма за основно образование на возрасните. Наставата согласно оваа програма се организира и спроведува во училиште кое поседува верификација за образование на возрасните. Наставата според програмата за основно образование се реализира на мајчиниот јазик на ученикот во училиште со соодветна верификација за образование на возрасните.

Согласно член 14 од Законот за основното образование, кој се однесува на образованието на децата што не биле вклучени во редовното школување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025), децата кои не биле вклучени во редовното основно образование и ја надминале соодветната возрасна граница имаат право да се запишат под исти услови како и другите ученици. Тие се распоредуваат во соодветно одделение, со ограничувања во однос на разликата во возраста, зависно од образовниот период. Доколку лице постаро од 15 години никогаш не посетувало училиште, образованието го продолжува во установа за образование на возрасните. Учениците што првпат се запишуваат на возраст од 11 до 14 години се распоредуваат во четврто или петто одделение и остануваат во тоа одделение до постигнување на потребните резултати.

Доколку учениците не поседуваат документација за претходно посетување настава, но нивните родители или старатели достават изјава заверена на нотар со која се потврдува претходното школување, се врши проверка на нивното знаење преку тестови и усни испити. Врз основа на постигнатите резултати, училиштето издава потврда за запишување во соодветното одделение. Наставниците подготвуваат индивидуализирани наставни програми за овие ученици. Доколку учениците ги постигнат очекуваните резултати, можат да напредуваат во повисоко одделение во текот на истата учебна година. Оваа можност им е достапна на учениците со надминатa возраст до петто одделение. Врз основа на предлог на Бирото, Министерството ги пропишува формата и содржината на

потврдите. По успешно завршување на одделението, ученикот добива официјално свидетелство. Училиштата се должни да водат годишна евиденција за овие ученици.

Во 2025 година, во програмите за обука на возрасни биле опфатени вкупно 3.457 учесници, од кои 1.905 жени и 1.552 мажи. Од вкупниот број учесници, 109 биле припадници на ромската заедница. Овие активности претставуваат значаен чекор кон унапредување на вештините на возрасните преку образовни програми и поддршка на нивното вклучување на пазарот на трудот, со посебно внимание на родовата и етничката инклузија.

Сепак, одговорот на Министерството главно ја прикажува правната и административната рамка за образование на возрасните, но не покажува на кој начин оваа рамка се справува со образовната исклученост на возрасните Роми. Иако Центарот за образование на возрасните е надлежен за развој и верификација на програмите и за обезбедување на нивниот квалитет, Министерството не доставило докази за постоење насочени мерки за надминување на специфичните пречки со кои се соочуваат ромските заедници, вклучувајќи ги сиромаштијата, дискриминацијата, раното напуштање на образованието и ограниченият пристап до образование. Слично на тоа, иако законските одредби им овозможуваат на учениците со надминатa возраст да го завршат основното образование, тие воспоставуваат процедурални можности без да ги адресираат системските причини за нивното исклучување од задолжителното образование.

Иако Министерството наведува дека 109 Роми учествувале во програмите за обука на возрасни во 2025 година, само овој податок не е доволен за да се утврдат суштинска вклученост и подобрени резултати. Во одговорот не се содржани податоци за стапката на учество во однос на вкупното ромско население, стапките на завршување и стекнување сертификати, резултатите во однос на вработувањето или ефективноста на индивидуализираната поддршка. Без докази за спроведувањето, следењето и насочените интервенции, Министерството не покажало дека неговите политики за образование на возрасните придонесуваат за намалување на долготрајните образовни нееднаквости со кои се соочуваат ромските заедници.

2.5 РОМСКИ ОБРАЗОВНИ МЕДИЈАТОРИ

Според информациите доставени од Министерството за образование и наука, заклучно со април 2026 година, во 24 општини во Северна Македонија биле ангажирани 43 ромски образовни медијатори за учениците во основното образование. Нивните задачи опфаќаат подигнување на свеста за образовните можности, олеснување на комуникацијата меѓу училиштата и ромските заедници, како и поддршка на образовниот успех и задржувањето на учениците Роми во основното образование.

Дополнително, во тековната учебна година Министерството за образование и наука воведе образовни медијатори и за учениците во средното образование. Ангажирани се 21 образовен медијатор, кои опфаќаат 16 општини во државата. Улогата на образовните медијатори во средните училишта е да обезбедуваат поддршка и да спроведуваат активности за подигнување на свеста за можностите и пристапот до средното образование. Тие организираат редовни средби за запознавање на населението и вработените во средните училишта со специфичностите и образовните потреби на лицата од ранливите групи, редовно соработуваат со стручните соработници и професорите за подобрување на постигнувањата на учениците и спроведуваат активности за намалување на напуштањето на образованието.

Воведувањето на оваа мерка претставува позитивен и прогресивен чекор на државата насочен кон подобрување на вклученоста, задржувањето и успехот на маргинализираните ученици во образовниот процес. Сепак, иако Министерството за образование и наука ангажирало ромски образовни медијатори во основното и средното образование во повеќе општини, постојат значителни проблеми во однос на транспарентноста и отчетноста.
Извештаите од работата на медијаторите не се јавно достапни и не можат да бидат предмет на надворешно следење, бидејќи, според образложението на Министерството, тие содржат лични податоци и поради тоа не можат да бидат споделени. Истовремено, Министерството не објавува анонимизиран годишен извештај или сеопфатен преглед на работата на медијаторите, што оневозможува независна процена и евалуација на нивната ефективност.

Недостигот од транспарентност ја ограничува можноста граѓанските организации и другите засегнати страни да го следат и проценуваат влијанието на оваа мерка. Дополнително, ограниченият број медијатори и понатаму не е доволен за соодветно да се одговори на потребите на ромското население. Во процесот на нивно ангажирање не биле суштински вклучени релевантните граѓански организации, иако нивното учество би можело да придонесе за подобрување на ефективноста и одржливоста на програмата.

2.6 ТУТОРСКА ПОДДРШКА ЗА ДЕЦАТА РОМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Како одговор на прашањето на кој начин се обезбедува туторска поддршка за учениците Роми во учебната 2025/2026 година, согласно законските одредби од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука го наведе следното:

- Согласно измените и дополнувањата на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025), членот 36, кој се однесува на туторска поддршка на учениците, предвидува дополнителна поддршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето и не успеваат да постигнат задоволителни резултати по предметите утврдени со наставната програма за тековната учебна година. Поддршката се обезбедува со претходна писмена согласност од родителот или старателот.

Како тутори можат да бидат ангажирани лица со најмалку три години искуство во наставата, вработени наставници, како и студенти запишани во последната година од соодветни студиски програми. Нивната улога е да обезбедат дополнителна образовна поддршка, да помогнат во совладувањето на наставната програма, да го намалат ризикот од напуштање на образованието, да го поттикнат редовното посетување на наставата и да придонесат за подобрување на образовните постигнувања, особено кај учениците од ранливите категории, вклучително и учениците Роми.

Министерството за образование и наука најмалку еднаш годишно објавува јавен повик за ангажирање тутори на својата интернет-страница. Изборот го спроведува тричлена комисија составена од административни службеници во Министерството, именувани од министерот. Комисијата подготвува листа на кандидати што ги исполнуваат условите, која потоа се објавува на интернет-страницата на Министерството. За својата работа туторите добиваат финансиски надоместок согласно законските одредби.

Спроведувањето на мерката ќе започне по целосното отпочнување и спроведување на процесот на оптимизација на училишната мрежа. Станува збор за сеопфатен процес на реорганизација и рационализација на училиштата, чија цел е поефикасно користење на ресурсите, подобрување на квалитетот на наставата и обезбедување еднаков пристап до образованието. Во овој контекст, ангажирањето на туторите ќе биде усогласено со новата организациска структура на училиштата и со утврдените потреби на учениците.

Ова е нова мерка воведена од Министерството за образование и наука со последните законски измени, со која се овозможува туторската поддршка за учениците во основното образование да се финансира од државниот и од локалните буџети. Иако мерката била предвидена во 2024 година, таа сè уште не се спроведува во практиката. Според Министерството, причината е тековниот процес на оптимизација на училишната мрежа, кој опфаќа реорганизација и рационализација на училиштата заради подобрување на нивната ефикасност и поефективно користење на расположливите ресурси.

Доколку спроведувањето на мерката започне во наредната учебна година, јавниот повик треба да биде објавен пред почетокот на учебната година, односно најдоцна до крајот на јуни во претходната учебна година. На тој начин, туторите ќе можат навремено да бидат ангажирани за претстојната учебна година и да им ја обезбедат потребната поддршка на децата на кои таа навистина им е неопходна. Досегашното искуство од различни проекти за туторска поддршка на децата Роми покажува позитивни резултати, вклучително подобрување на училишниот успех и зголемување на оценките кај учениците кои добивале ваков вид поддршка.

2.7 УЧЕНИЦИ РОМИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Според податоците на Министерството за образование и наука, во основното образование се ангажирани вкупно 1.346 образовни асистенти, додека бројот на ученици со попреченост изнесува 2.674. Од нив, 313 се ученици Роми, односно 11,7% од вкупниот број ученици со попреченост во основното образование. Во средното образование се ангажирани 147 образовни асистенти, додека вкупниот број ученици со попреченост изнесува 430. Од нив, 40 се ученици Роми, односно 9,30% од вкупниот број ученици со попреченост во средното образование.

Табела 13: Ученици Роми со попреченост

Ниво на образование	Вкупен број ученици со попреченост	Вкупен број образовни асистенти	Вкупен број ученици Роми со попреченост
Основно образование	2.674	1.346	313 (11,70%)
Средно образование	430	147	40 (9,30%)

Извор: Министерство за образование и наука

Образовните асистенти во основното образование се обезбедуваат врз основа на препорака од системот за проценка согласно Меѓународната класификација на функционирањето. По добивањето на потребните одобренија, ресурсните центри објавуваат јавен повик во кој се определува бројот на образовни асистенти што треба да бидат ангажирани, зависно од јазикот на кој се изведува наставата.

Образовните асистенти не се ангажираат врз основа на етничката припадност на учениците, туку врз основа на утврдени критериуми и индивидуално проценети потреби.

Иако учениците Роми со попреченост претставуваат релативно мал дел од вкупниот број ученици со попреченост, податоците покажуваат дека на дел од учениците не им е обезбеден образовен асистент. Ова прашање треба да биде соодветно разгледано од Министерството за образование и наука во соработка со релевантните институции и засегнати страни, со цел да се намали разликата меѓу бројот на ученици со попреченост и бројот на ангажирани образовни асистенти.

Доколку се примени сооднос од еден образовен асистент на еден ученик, во основното образование недостигаат 1.328 образовни асистенти, што претставува 49,66% од вкупниот број ученици со попреченост. Во средното образование недостигаат 283 образовни асистенти, односно 65,81% од вкупниот број ученици со попреченост.
Потребна е континуирана меѓусекторска соработка меѓу Министерството за образование и наука, институциите од областа на социјалната заштита и другите надлежни органи. Ваквата соработка треба да овозможи редовно следење на поддршката што ја обезбедуваат образовните асистенти, како и на образовниот развој и напредокот на учениците. Недоволното внимание кон ова прашање претставува системски недостаток што ги поткопува напорите за обезбедување еднакви образовни можности за сите деца, особено за децата од маргинализираните заедници.

2.8 СЕГРЕГАЦИЈА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во однос на сегрегацијата на децата Роми во образованието, Министерството за образование и наука објасни дека, покрај спроведувањето на соодветните политики, буџетот за две буџетски програми наменети за образованието на Ромите бил зголемен за 31%. Оттука, процесот на десегрегација во образованието претставува еден од приоритетите на Министерството.

По пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот „Елмазова и други против Република Северна Македонија“, Министерството за образование и наука презело конкретни мерки за надминување на утврдената сегрегација на учениците Роми во основните училишта и за спречување слични случаи во иднина. Во таа насока, усвоени се измени на Законот за основното образование, чија цел е воспоставување системски и долгорочни решенија за унапредување на инклузивното образование и отстранување на сите форми на дискриминација врз етничка основа.
Клучните законски измени се однесуваат на следново:

1. Член 5 – Заштита од дискриминација и унапредување на еднаквоста
   Став (1): Се забрануваат сите форми на директна и индиректна дискриминација во основното образование врз основа на пол, раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија, политичко уверување, возраст, брачна состојба, здравствена состојба или која било друга основа признаена со закон или со меѓународните договори.
2. Член 5, ставови (7) и (8) – Заштита од одмазда и забрана на сегрегацијата
   Став (7): Се забранува преземање одмазднички дејства против вработените во училиштето или други лица поради пријавување или дејствување против дискриминацијата, вклучувајќи го и нивното учество како сведоци или учесници во поврзани постапки.
   Став (8): Изречно се забрануваат дискриминацијата и физичката сегрегација на учениците при запишувањето или формирањето на паралелките, освен кога постои објективно оправдување.

3. Член 16 – Инклузивни тимови
   Законот предвидува училишните инклузивни тимови да обезбедуваат еднаков пристап до основното образование за сите деца преку спроведување соодветни антидискриминациски мерки.
4. Член 53, став (15) – Урамнотежена распределба на учениците
   Училиштата се должни да обезбедат урамнотежена распределба на учениците од различните етнички заедници во паралелките и да избегнуваат нивно физичко одвојување, освен во случаите кога во одделението постои само една паралелка. Овој процес го координира директорот на училиштето врз основа на препораките на училишниот инклузивен тим.
5. Член 63 – Изменет режим на реонизација на училиштата
   Една од најконтроверзните законски одредби се однесува на реонизацијата, која исто така била изменета:
   Родителите се должни да ги запишат своите деца во училиштето што припаѓа на нивниот училиштен реон, освен кога постојат посебни услови што оправдуваат поинаков избор, како што е недостапноста на настава на мајчин јазик во локалното училиште.
   Локалните власти се должни да обезбедат реонизацијата да не создава етничка сегрегација, освен во подрачјата во кои преовладува една етничка заедница.
   Се водат сеопфатни списоци на децата што ги исполнуваат условите за запишување според местото на живеење, со цел да се обезбеди почитување на овие правила.
6. Член 66 – Превенција од насилство
   Став (1): Училиштата се должни да спроведуваат програми за спречување насилство, злоупотреба, занемарување, дискриминација и злоупотреба на психоактивни супстанции.
   Став (6): За спроведување на овие програми се обезбедуваат финансиски средства со кои управува комисија именувана од Министерството.
   Став (15): Општините се должни да изработат акциски планови за справување со и надминување на случаите на физичка сегрегација на учениците при запишувањето или формирањето на паралелките.

Овие законски измени имаат цел да воспостават цврста рамка за инклузивно и недискриминирачко основно образование, во согласност со пресудата на Европскиот суд за човекови права и меѓународните стандарди за човекови права.
Министерството за образование и наука прифатило соработка со Советот на Европа за подготовка на физибилити студија. Истовремено, Северна Македонија се приклучила кон Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование како земја членка, со цел да се подобрат креирањето и спроведувањето на образовните политики поврзани со инклузијата.

Министерството за образование и наука ги претставува законските измени, зголеменото финансирање и меѓународната соработка како докази за постигнат напредок. Сепак, овие мерки ќе останат главно формални доколку не доведат до мерливи промени во училиштата. Антидискриминациските одредби сами по себе не можат да обезбедат десегрегација на децата Роми без ефективно спроведување, следење и примена на законските обврски.

Клучните надлежности за десегрегацијата им се доверени на општините, директорите на училиштата и инклузивните тимови. Сепак, Министерството не објаснува како ќе се следи работата на овие субјекти, какви санкции ќе се применуваат во случај на непочитување на

обврските и дали тие располагаат со доволно ресурси и соодветна обука за ефективно спроведување на своите надлежности.

Без јасен систем за следење, доволно ресурси, насочени обуки и применливи механизми за отчетност, постои ризик законските обврски да останат декларативни и да не доведат до суштински промени во училиштата. Законската одредба, исто така, им остава простор на општините да ги задржат практиките на реонизација што можат да придонесат за продолжување на сегрегацијата на децата Роми, особено во средини каде што ромските заедници живеат во географски концентрирани и често сегрегирани населби во близина на определени училишта. Исклучокот според кој барањата за спречување на сегрегацијата не се применуваат во подрачјата каде што преовладува една етничка заедница создава ризик од легитимирање на постојната сегрегација. Тој им овозможува на општините да го оправдаат системското етничко одвојување како последица на демографската концентрација, што отвора сериозни прашања за посветеноста на државата кон обезбедување инклузивно и правично образование за сите деца.

3. ЗДРАВСТВО

3.1 ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ


Законот за здравствено осигурување во Северна Македонија ги регулира правата и обврските на граѓаните во врска со здравственото осигурување и дефинира како се спроведува задолжителното и доброволното осигурување. Задолжителното здравствено осигурување важи за сите граѓани и има за цел да обезбеди пристап до сеопфатни здравствени услуги и финансиска заштита, врз основа на принципите на солидарност, еднаквост и ефикасно користење на ресурсите. Покриеноста со здравствено осигурување е клучен индикатор за пристап до здравствени услуги и е усогласена со основните европски здравствени индикатори. Според истражувањето на Агенцијата за фундаментални права (FRA) од 2024 година, околу 77% од ромското население во Северна Македонија е покриено со националната шема за здравствено осигурување или дополнително осигурување.

Големиот број неосигурени Роми е во голема мера поврзан со недостатокот на лична документација, што често ги спречува поединците да ја добијат својата прва лична карта и да се регистрираат во Фондот за здравствено осигурување. Пристапот е дополнително ограничен од сезонска, неформална или нерегистрирана работа, бидејќи задолжителното осигурување финансирано од државата обично зависи од формалното вработување. Покрај тоа, административните пречки и ограничените информации за здравствените права им го отежнуваат на многу Роми справувањето со здравствениот систем и пристапот до превентивни услуги и субвенционирани лекови.

3.2 СТАПКА НА СМРТНОСТ

Од вкупно 16.061 живородени деца во Северна Македонија во 2024, речиси сите се родени во здравствена установа. Само 2 деца се родени на друго место со стручна помош и само 1 без стручна помош — што е исклучително позитивен показател за системот на перинатална заштита.


График 1: Живородени деца 2024



Извор:МАК стат база – Преглед на живородени деца

Кај Ромските мајки (917 раѓања), 100% се регистрирани во здравствена установа — ниту едно раѓање надвор без стручна помош. Ова е значаен напредок во споредба со минатите години и укажува на успех на програмите за здравствена медијација кај Ромите во Македонија. За контекст, Ромската заедница сочинува 5,7% од сите раѓања во 2024 (917 од 16.061), но само 2,5% од популацијата според пописот 2021 — тоа значи дека Ромите имаат значително повисок наталитет и помлада возрасна структура, со силни импликации за идната демографија.

График 2: Стапка на смрност на доенчиња според етничка припадност




Извор: Сопствени пресметки

Ромската заедница има стапка на смртност од 8,7‰ — скоро 3 пати повисок од македонскиот просек (2,5‰) и 3 пати повисок од националниот просек (2,9‰). Ова и покрај тоа што 100% од ромските раѓања се во здравствена установа — проблемот не е во пристапот до раѓање, туку во постнаталната грижа, исхраната, условите за живот и следењето на доенчињата.Бошњачката заедница покажува највисок IMR (13,3‰), но со само 2 умрени на 150 живородени — статистички нестабилна бројка, мала примерок. Националниот просек од 2,9‰ е на европско ниво (EU просек ~3,2‰ за 2023), но разликите меѓу заедниците укажуваат на длабоки структурни нееднаквости.

Ромската заедница е 3 пати над националниот просек и ~2,7 пати над EU просекот — јасен сигнал за нееднаквост во постнаталната грижа.Со оглед на тоа, смртноста на Ромите (435 умрени во 2024 или ~2,2% од вкупниот број) е приближно пропорционална на нивниот демографски удел — но структурата по возраст јасно покажува предвремена смртност во споредба со другите заедници. Ова е сигнал за системски нееднаквости во пристапот до здравствена заштита и животниот стандард.

1. Концентрација во средна возраст - Ромите умираат значително порано од другите заедници. Уделот на Ромите во возрасната група 45–64 години е 4,1% — двапати повисок отколку во групите 75+. Ова укажува на поранечна смртност, поврзана со полошите социоекономски и здравствени услови.


График 3: % учество на етничките заедници во вкупниот број на умрени лица според возрасни групи



Извор:МАК стат база – Умрени лица според етничка припадност и возрасни групи

2. Нагол пад во старечките групи - Во групата 85+ Ромите сочинуваат само 0,4% од умрените — наспроти 7,2% кај Македонците. Ова не значи дека Ромите живеат подолго, туку обратно: мнозинството умираат пред да ја достигнат таа возраст, па во статистиката за стари луѓе едноставно ги нема.
3. Родова асиметрија - Кај Ромките (жени), смртноста е посилно концентрирана во 65–74 години (95 умрени, 4,3% од сите умрени жени во таа група). Ромките имаат поголем удел во смртноста кај средна и повозрасна возраст во споредба со мажите, што е невообичаено за популацијата генерално. Ромки — уделот на групата 65–74 (47%) е исклучително висок, дури поголем отколку кај машките Роми. Истовремено, групата 75–84 кај Ромките (17%) е многу помала отколку кај Македонките (39%) — уште еден показател за предвремена смртност.


График 4: % учество во вкупниот број на умрени жени според возрасни групи



Извор: Извор:МАК стат база – Умрени лица според етничка припадност и возрасни групи

Графиконот ги покажува топ 10 општини рангирани по вкупен број умрени Роми во 2024, со посебна лента за жени. Шуто Оризари апсолутно доминира со 133 умрени (75 жени) — речиси 5 пати повеќе од следната општина. Ова е директна рефлексија на фактот дека Шуто Оризари е единствената општини во светот со Ромско мнозинство.

График 5: Број на умрени Роми според општини – 10 општини со најголема смрнтност на Роми



Родовата структура е различна по општини: во Битола и Гази Баба жените сочинуваат ~65–70% од умрените Роми, додека во Виница само ~29% — интересна регионална варијација. Концентрација во Скопје: ако ги соберат само скопските општини (Шуто Оризари + Чаир + Гази Баба + останатите), тоа дава ~211 умрени, или скоро половина од вкупните ромски смртни случаи во државата. Комбинирано со претходните графикони за смртност, се добива јасна слика: Ромите во Македонија имаат висок наталитет, но предвремена смртност. Оваа ножица — многу раѓања, но умирање порано — укажува на итна потреба од здравствени интервенции кај возрасната и средовечна ромска популација, иако акушерската заштита е веќе добро покриена.

3.3 ПРОГРАМА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА

Споредбата на буџетските податоци за 2025 и 2026 година покажува дека вкупниот буџет останува непроменет и изнесува 17.000.000 денари во двете години. На прв поглед, ова може да се толкува како буџетска стабилност и задржување на институционалната обврска за финансирање на предвидените мерки. Сепак, подлабоката анализа покажува дека иако вкупниот износ е идентичен, внатрешната распределба на средствата е значително променета, што укажува на промена во приоритетите и насочување на средствата кон поранливи категории. Најзначајното позитивно поместување се забележува кај буџетската линија наменета за директна заштита на ранливи жени, вклучително жени без лична документација, жени без здравствено осигурување и жртви на насилство. Во 2026 година, оваа ставка е зголемена за над 2,3 милиони денари во споредба со 2025 година. Ова претставува најголемо позитивно поместување во анализираниот период и укажува на поголемо препознавање на специфичните ризици со кои се соочуваат жените од ранливи категории, особено Ромките кои се изложени на повеќекратна дискриминација.

Табела 14: Споредба на буџетите на програмите во здравство 2025 и 2026 година

Активност	2025	2026	Промена
Бесплатни прегледи/породување без осигурување/без документи	660.000	1.500.000	+127%
Медикаментозен абортус (ранливи жени)	300.000	500.000	+67%
Контрацептивни средства	300.000	500.000	+67%
Прегледи за жртви на насилство	150.000	300.000	+100%
Недела на доење	30.000	100.000	+233%
Информација за здравствена состојба	10.000	100.000	+900%


Извор: Министерство за здравство

Ова зголемување е особено важно бидејќи директната заштита не претставува само социјална мерка, туку и механизам за пристап до основни права. Жените без документи и без здравствено осигурување често се исклучени од редовните институционални услуги, додека жртвите на насилство имаат потреба од брза, достапна и координирана поддршка. Затоа, зголемувањето на средствата во оваа област може да се толкува како чекор кон посензитивно и поправично буџетирање. Од аспект на јавни политики, оваа промена покажува дека институциите постепено ја препознаваат потребата од насочена поддршка кон најранливите групи. Сепак, за оваа буџетска промена да има реален ефект, потребно е средствата да бидат придружени со јасни критериуми за користење, транспарентен механизам за

следење и редовно известување за бројот на опфатени жени, видот на дадената поддршка и конкретните резултати. Затоа, иако непроменетиот вкупен буџет укажува на ограничен фискален простор, зголемувањето на средствата за директна заштита на ранливи жени претставува значаен позитивен сигнал. Следниот предизвик е оваа промена да не остане само буџетска прераспределба, туку да се претвори во реална, достапна и навремена поддршка за жените кои се најмногу изложени на институционална исклученост, сиромаштија и насилство.

Буџетот за директна заштита на ранливи жени (без документи, без осигурување, жртви на насилство) е зголемен за над 2,3 милиони денари во споредба со 2025 — ова е најголемото позитивно поместување во трите години. Гинеколошка стимулација за ранливи општини — непроменета, 540.000 денари за сите три општини (Шуто Оризари, Липково, Боговиње).

График 6: Гинеколошка поддршка




Програмата за 2026 воведува пилот скрининг за спинална мускулна атрофија (СМА) — сосема нова активност со буџет од 3.000.000 денари за 6.000 новородени. СМА е генетска болест каде раното откривање е критично за третман. Ова е значаен чекор напред во неонаталната заштита кој се однесува на сите новородени, вклучително и ромски.

Истовремено, буџетот за метаболен скрининг е намален — цената по тест паѓа од 900 на 600 денари, веројатно поради оптимизација или промена на добавувачот.
Нови обуки — за прв пат се предвидени буџети за обука на здравствени работници: 100.000 денари за перинатална грижа и 100.000 за системот за преглед на морталитет. Ова е важно бидејќи квалитетот на здравствените работници директно влијае на ранливите групи.

Поширока дефиниција на лица без осигурување


Во 2024 формулацијата беше: *„лица без документ за идентификација"* — т.е. претежно Роми без лична карта. Во 2025 е проширена на: *„жени кои останале без здравствено осигурување И лица без документ за идентификација"* — со тоа се опфаќаат и жени кои ги изгубиле работните места, разведени жени без осигурување, и сл. Буџетот за оваа активност е зголемен од 370.000 на 660.000 денари — речиси двојно.


График 7: Активности за ранливи групи на жени



Во 2026 се враќа формулацијата „отстранување на сите видови на географски, финансиски и културолошки бариери особено кај ранливите групи" во специфичната цел 6 — формулација која беше испуштена во 2025. Ова е симболично, но сигнализира зголемена свесност.
Практично најважно: буџетот за бесплатни прегледи и породување за жени без документи расте на 1.500.000 денари — речиси 4 пати повеќе отколку во 2024 (370.000). Ова директно ги опфаќа Ромките без лична карта, кои беа системски исклучени од здравствена заштита.

График 8: Контрацепција и медицински абортус





Оваа мерка индиректно ги опфаќа и Ромките, кои статистички се изложени на повисок ризик од семејно насилство. Двете мерки се насочени кон социјално ранливи категории — во пракса претежно Ромки и жени без осигурување.

3.4 ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА 2024 И 2025 – ФОКУС НА РОМИ

Нема мерливи цели за Ромки. Специфичните цели ги споменуваат „жени Ромки" во текст, но ниту еден индикатор за успешност не е дезагрегиран по етничка заедница — невозможно е да се мери дали програмата навистина ги достигнува Ромките. Програмата за 2025 и 2026 е инкрементално подобрена — поширока географска покриеност со гинеколози, поголем буџет за ранливи жени и проширена дефиниција на корисници. Но останува реактивна, институционална програма без проактивна теренска компонента. За значително намалување на ромскиот IMR (8,7‰ во 2024), потребни се структурни промени надвор од оваа програма — подобрување на условите за живот, образованието и здравствената писменост во ромските заедници.

За разлика од сите претходни програми, оваа директно ги именува Ромите како приоритетна целна група. Во делот „Цели на програмата" и за 2024 и за 2025 стои идентична формулација: акцент треба да се стави на постигнување поголем опфат кај тешко достапните популации: жители во руралните средини, кај ромската популација и кај лицата кои често го менуваат своето место на живеење (мигранти, бегалци). Препорачаните методи се теренски активности, прочешлување на теренот и вакцинација „од врата на врата".

- *Методологија наменета за Роми - Препораката за вакцинација „од врата на врата" и теренско прочешлување е стандардна WHO методологија за достигнување на ромски и маргинализирани заедници. Меѓутоа, ниту 2024 ниту 2025 нема посебен буџет за оваа теренска работа — таа е препорачана, но не финансирана одделно.*
- *Единствената конкретна промена 2024→2025 поврзана со пристапноста е воведувањето на попладневна смена во вакциналните пунктови барем еднаш неделно — ова директно помага на работечки ромски родители кои не можат да го земат детето за вакцинација во работни часови.*
- *Буџетот расте (+7,5%), но не и промоцијата — средствата за промоција и едукација на родителите остануваат замрзнати на 600.000 денари и двете години, иако ниската информираност е клучна бариера кај Ромите.*
- *Поврзување со IMR - Со ромски IMR од 8,7‰ во 2024, недоволниот вакцинален опфат кај ромските деца е структурен ризик. Незавршена МРП вакцинација кај доенчиња особено е поврзана со смртност под 1 година — токму возрасната група каде ромскиот IMR е тростручно повисок.*

4. ДОМУВАЊЕ

Иако Народниот правобранител извести за ова прашање уште во 2024 година, условите за домување и живот на децата чии семејства веќе неколку години престојуваат во напуштените објекти на јавната установа „Ранка Милановиќ“ во Скопје остануваат непроменети. Станбеното прашање на овие семејства сè уште не е решено, поради што децата продолжуваат да живеат во несоодветна и небезбедна средина што сериозно ги загрозува нивните основни права и благосостојба.

Врз основа на непосредниот увид, Народниот правобранител утврдил дека голем број деца и нивните семејства живеат во крајно нехумани и супстандардни услови, вклучувајќи:

- непостоење пристап до вода и електрична енергија;
- недостиг од основни хигиенски услови;
- изложеност на здравствени и безбедносни ризици; и
- континуирано отсуство на координиран институционален одговор.

Ваквите услови претставуваат сериозно прекршување на основните права на децата и укажуваат на итната потреба од координирано дејствување за обезбедување безбедно, достоинствено и одржливо домување за засегнатите семејства. Слични случаи се утврдени и во други градови низ државата, што укажува на поширок образец на недоволна континуирана грижа и неефикасни мерки од страна на локалните и централните власти.
Во јули 2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација издаде општа препорака до општините и другите засегнати страни во врска со состојбата со домувањето на Ромите. Доказите укажуваат дека ромските заедници во Северна Македонија продолжуваат да се соочуваат со системски пречки во остварувањето на правото на соодветно домување, што резултира со долготрајна социо-економска исклученост и нееднаков пристап до јавните услуги.

Во Општата препорака на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од 2025 година се констатира дека значителен број Роми и понатаму живеат во неформални и супстандардни населби, кои се карактеризираат со несоодветна инфраструктура, несигурност на станарскиот и сопственичкиот статус и ограничен пристап до основните јавни услуги. Тука спаѓаат водата за пиење, санитарната инфраструктура, електричната енергија, патната инфраструктура и административните услуги. Овие структурни недостатоци создаваат правна несигурност и дополнително ги зајакнуваат социјалната исклученост и дискриминацијата.

Комисијата заклучува дека овие нееднаквости не се само последица на социо-економската неповолна положба, туку се тесно поврзани со неуспехот на надлежните органи да спроведат системски и недискриминирачки политики за домување, мерки за урбанистичко планирање и инфраструктурни инвестиции во населбите во кои претежно живеат Роми.
Особено, недонесувањето или неспроведувањето на генералните и деталните урбанистички планови ја оневозможува легализацијата на станбените објекти, ги ограничува јавните инвестиции и го попречува пристапот до основните јавни услуги. На тој начин, ромските заедници се стават во несразмерно понеповолна положба во споредба со општото население.
Овие наоди треба да се разгледуваат во поширокатa рамка на националните и меѓународните обврски во областа на човековите права. Членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија ги утврдува

еднаквоста, социјалната правда и владеењето на правото како темелни уставни вредности, додека членот 9 ја гарантира еднаквоста на сите граѓани пред Уставот и законите, без дискриминација.

Дополнително, Законот за спречување и заштита од дискриминација изречно ги забранува директната и индиректната дискриминација, вклучувајќи ги и практиките чија цел или последица е ограничување на еднаквото уживање на правата и слободите. Комисијата особено посочува дека оневозможувањето на пристапот до инфраструктура, јавни услуги и соодветни услови за домување може да претставува дискриминаторски третман во смисла на оваа законска рамка.

Северна Македонија е обврзана и со повеќе меѓународни инструменти за човекови права со кои се признава правото на соодветно домување. Членот 25 од Универзалната декларација за човекови права го признава правото на секое лице на соодветен животен стандард, вклучително и домување. Членот 11 став (1) од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права ги обврзува државите членки постепено и без дискриминација да го остваруваат правото на соодветно домување.

Комитетот на Обединетите нации за економски, социјални и културни права, преку Општиот коментар бр. 4, појаснува дека соодветното домување не се сведува само на постоење засолниште. Тоа вклучува правна сигурност на користењето на домот, достапност на услуги и инфраструктура, финансиска достапност, услови погодни за живеење, пристапност, соодветна локација и културна соодветност. Со Општиот коментар бр. 7 дополнително се утврдува дека политиките за домување мора да ги заштитуваат жителите од присилно иселување и да обезбедуваат процедурални гаранции во согласност со човековото достоинство.

Комисијата, исто така, потсетува на обврските на Северна Македонија што произлегуваат од Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на Европската Унија. Со неа се бара постепена легализација на неформалните населби, каде што тоа е возможно, како и обезбедување трајни, достоинствени, финансиски достапни и несегрегирани решенија за домување на ромските заедници. Овие обврски бараат општините и националните власти да усвојат насочени мерки за справување со структурните нееднаквости со кои се соочуваат Ромите во пристапот до домување и поврзаната јавна инфраструктура.

Доказите покажуваат дека несоодветните услови за домување имаат далекосежни последици што ја надминуваат областа на домувањето. Ограниченият пристап до вода, санитарни услови, транспорт, здравствена заштита, образование и можности за вработување ги продолжува циклусите на сиромаштија, сегрегација и социјална исклученост. Поради тоа, подобрувањето на условите за домување не треба да се разгледува само како инфраструктурна интервенција, туку и како предуслов за остварување широк спектар економски, социјални и културни права. Одржливите политички решенија бараат координирано дејствување на централните и локалните власти за да се обезбеди еднаков пристап до јавната инфраструктура, урбанистичкото планирање, постапките за легализација и јавните услуги, во согласност со националното антидискриминациско законодавство и меѓународните стандарди за човекови права.
Во февруари 2025 година, Министерството за транспорт и врски објави јавен повик за проекти за комунална инфраструктура наменети за општините со ромско население на локално ниво. Во рамките на програмата врз основа на која бил објавен повикот биле распределени 20 милиони денари.

4.1 ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

Согласно „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/25, вкупниот износ од 20.000.000 денари бил прераспределен на следните општини:

Табела 15: Распределба на средствата

Општина	Проект	Износ (денари)
Шуто Оризари	Реконструкција на улица 1673 во Шуто Оризари	1.791.065,00
Битола	Реконструкција на коловозната инфраструктура на дел од улицата „Мукос“ и на дел од улицата „Љубојно“	1.672.931,00
Тетово	Реконструкција на локален пат во УБ 19, улица „Прохор Пчински“	1.629.656,00
Делчево	Реконструкција на дел од улицата „Солунска“, од 0+000,00 до 0+478,89 на КП бр. 9035 и КП бр. 8142 и од 0+000,00 до 0+182,83 на КП бр. 8119/2 и КП бр. 9038	1.568.941,00
Зелениково	Реконструкција на дел од делница 2 од канализацискиот систем во село Зелениково	1.550.383,00
Кратово	Реконструкција на линиски инфраструктурен објект – локален пат во село Вакуф	1.431.505,00
Струмица	Реконструкција на улицата „5 Ноември“ во стар урбан блок 6, од улицата „Славчо Стојменски“ до улицата „Ѓорги Василев“	1.315.297,00
Јегуновце	Реконструкција на улица во Јегуновце	1.308.020,00
Гевгелија	Поставување урбана опрема – детско игралиште на КП 6727/3	1.306.814,00
Кавадарци	Реконструкција на канализацискиот систем во дел од населбата „Бел Камен“	1.094.722,00
Василево	Изградба на фекален канализациски систем во село Василево, колектор К26, од км 0+000 до км 0+321,4	1.064.494,00
Берово	Продолжување на фекалниот канализациски систем во ромската населба, крак од улицата „23 Август“	946.360,00
Делчево	Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево, зона Старо Делчево	913.990,00
Ранковце	Реконструкција на локален пат во село Ранковце, Жерди Дуб, фаза 3	855.182,00
Виница	Замена на постојните улични светилки во ромската населба во Виница со енергетски поефикасни светилки и поставување ЛЕД-осветлување	850.640,00
Босилово	Реконструкција на улица во село Старо Балдовци	700.000,00

Извор: „Службен весник на Република Северна Македонија“, 2025 година.

Според Министерството за транспорт, во февруари 2026 година, на предлог на Министерството, Владата на Република Северна Македонија ја усвоила Програмата за поддршка на спроведувањето на

Декадата и Стратегијата за Ромите за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/26).

Средствата за спроведување на оваа програма се утврдени во Буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година, во износ од 20 милиони денари. Тие се наменети за реализација на проекти за комунална инфраструктура во места претежно населени со ромско население. Корисници на средствата се единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат места претежно населени со Роми.
Врз основа на оваа програма, на 24 март 2026 година Министерството за транспорт објавило јавен повик со кој ги повикало единиците на локалната самоуправа да поднесат барања за користење средства од Буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година, наменети за поддршка на спроведувањето на Декадата и Стратегијата за Ромите. Јавниот повик траел до 24 април 2026 година. Постапката за евалуација на доставените проекти е во тек.

Важно е да се нагласи дека одлуките за распределба на средствата од тековниот буџет во изминатите години не се спроведувале навремено, ефективно и ефикасно. Вообичаена практика била јавните повици за пријавување на општините да се објавуваат кон крајот на годината, најчесто во септември, додека средствата морале да се искористат до декември истата година.

Ваквата временска рамка им оставала ограничен период на општините за подготовка и доставување квалитетни проекти усогласени со реалните потреби на ромското население, додека нивното спроведување морало да се одвива забрзано. Оваа практика се повторувала секоја година, независно од тоа која политичка структура била на власт, и продолжила да создава тешкотии за општините во соодветното планирање и реализирање на проектите.

Објавувањето на јавниот повик во март 2026 година претставува подобрување во споредба со претходната практика. Сепак, Министерството за транспорт треба да обезбеди оваа навремена практика да продолжи и во иднина, како и да предвиди доволно долг период за подготовка и реализација на проектите. На тој начин, општините би имале соодветно време да подготват квалитетни проекти и ефикасно да ги спроведат планираните инфраструктурни активности.

4.2 ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Иако легализацијата на домовите и понатаму претставува еден од најголемите проблеми за ромските семејства, според информациите од програмата „Интеграција на Ромите – фаза III“, во периодот од јануари до септември 2025 година, 54 ромски семејства во пет општини во Северна Македонија – Кавадарци, Кочани, Прилеп, Велес и Виница – добиле официјални имотни листови за своите домови.

4.3 СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ

Во текот на 2025 година беа преземени чекори за воспоставување сеопфатна правна рамка за социјално домување во Северна Македонија. Како дел од овој процес, беше формирана експертска работна група составена од претставници на релевантните државни институции, граѓанските и меѓународните организации, како и експерти, со задача да го подготви нацрт-текстот на Законот за социјално домување.

Работната група одржа три консултативни состаноци, како и повеќе тематски средби со засегнатите страни, во соработка со експерти ангажирани преку заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа „Интеграција на Ромите – фаза III“. Процесот овозможи вклучување на различни институционални и граѓански чинители во подготовката на законското решение, со цел да се обезбеди поинклузивен и поодржлив пристап кон домувањето на ранливите категории граѓани, вклучително и ромската заедница.

На 15 декември 2025 година беше организирана јавна расправа за нацрт-законот, на која учествуваа претставници на државните институции, граѓанските организации, експертската јавност и меѓународните партнери. Во текот на расправата беа претставени клучните решенија содржани во законот, како и нивната усогласеност со европските стандарди за правото на соодветно домување. Беа презентирани и споредбени искуства и модели за финансирање на социјалното домување што се применуваат во други европски држави. Со цел да се обезбедат транспарентност и поширока јавна консултација, нацрт-законот беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) во период од 30 дена. Во моментот на подготовката на овој извештај, постапката за разгледување и усогласување на добиените коментари и предлози сè уште беше во тек.

По завршувањето на консултативниот процес, се очекуваше законот да биде доставен до Владата на Република Северна Македонија на разгледување и усвојување. Усвојувањето на Законот за социјално домување претставува значаен чекор кон воспоставување системски пристап за справување со станбената исклученост и подобрување на пристапот до соодветно домување за социјално ранливите групи, вклучително и ромските семејства.
Сепак, и покрај напредокот во подготовката на правната рамка, останува потребата од континуирано следење на процесот на усвојување и спроведување на законот, како и од обезбедување соодветни финансиски механизми што ќе овозможат негова ефективна примена во практиката.

5. ГРАЃАНСКА РЕГИСТРАЦИЈА И РИЗИК ОД БЕЗДРЖАВЈАНСТВО

Во 2018 година беа идентификувани приближно 700 лица без соодветна граѓанска регистрација, по што државата започна процес за нивно евидентирање и обезбедување пристап до основните права. Во периодот 2020–2023 година беа усвоени повеќе законски измени со цел да се олеснат запишувањето во матичната книга на родените, издавањето лични документи, регулирањето на живеалиштето и намалувањето на ризикот од бездржавјанство. Овие реформи овозможија постепено пренесување на лицата од посебната матична книга во редовниот систем на граѓанска регистрација и создадоа услови за стекнување целосен правен идентитет и пристап до јавните услуги.Во рамките на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/23), во периодот од март 2023 година до првата половина на 2024 година беа евидентирани вкупно 526 лица од ранливи категории кои претходно не биле соодветно запишани во матичната евиденција. Од нив, 460 лица потоа биле запишани во редовната матична книга на родените, од кои 223 жени и 237 мажи.

До средината на 2024 година, на 296 лица веќе им бил определен единствен матичен број и тие биле целосно запишани во системот на матичната евиденција, додека постапките за 164 лица сè уште биле во тек. Во овој период, граѓанските организации продолжиле да обезбедуваат поддршка при собирањето на потребната документација.

Процесот продолжи и во текот на 2025 година. Според последните достапни податоци, од првично идентификуваните 526 лица, вкупно 395 лица добиле извод од матичната книга на родените со определен единствен матичен број. Дополнително, 146 лица биле запишани во матичната евиденција и поседувале извод од матичната книга на родените, но сè уште немале добиено единствен матичен број поради нерешени административни или правни прашања.

Од овие 146 случаи, 81 лице и понатаму се наоѓало во постапка за регулирање на својот статус, додека кај преостанатите 65 случаи постоеле специфични пречки. Тие опфаќале лица родени во странство – 20 случаи, починати лица – 18 случаи, лица кои не ги подигнале издадените управни решенија – 26 случаи, како и еден случај што бил предмет на дополнителна проверка од страна на Министерството за внатрешни работи. Во текот на 2025 година дополнително биле евидентирани шест новоидентификувани лица без соодветна граѓанска регистрација, како и осум деца изложени на ризик да останат незапишани. Еден случај бил оценет како особено сложен. Била нагласена и потребата од зајакнување на координацијата меѓу Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги, со цел преостанатите случаи да се решаваат побрзо и поефикасно.

Покрај тековниот процес на регистрација на лицата без лични документи, во текот на 2025 година беа спроведени повеќе активности за подобрување на пристапот до правна помош и за зајакнување на институционалната координација.
Во рамките на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беа организирани две работилници посветени на предизвиците со кои се соочуваат лицата без лични документи. На работилниците беа презентирани пилот-иницијативи за обезбедување бесплатна правна помош преку правни клиники, како и иницијативи за олеснување на издавањето изводи од матичната книга на родените во здравствените установи.
Дополнително, беа формирани мобилни тимови во Скопје, Битола и Штип, преку кои припадниците на ромската заедница и другите ранливи групи можат да добијат бесплатна правна помош и поддршка во постапките за регулирање на нивниот граѓански статус.

Во март 2025 година, во Собранието на Република Северна Македонија се одржа работен состанок на Работната група за следење на процесот на запишување на лицата без документација во матичната книга на родените. На состанокот, во координација со надлежните институции, беа разгледани тековните предизвици и можностите за натамошно унапредување на процесот.

Во текот на 2025 година беше формирана и работна група за подготовка на Протокол за утврдување на статусот на лицата без државјанство. Процесот го предводи Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022–2030. И покрај постигнатиот напредок во процесот на граѓанска регистрација, според податоците на Министерството за правда, во 2025 година 145 лица сè уште немале регулирано државјанство.[6] Од нив, приближно 60 случаи се сметале за

[6] *Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ), врз основа на податоци добиени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, 2026 година.*

особено сложени, додека преостанатите лица поседувале извод од матичната книга на родените, но сè уште не успеале целосно да го регулираат својот правен статус.[7]

Дополнителен предизвик претставуваат лицата кои потекнуваат од периодот на косовската криза и подолг временски период престојуваат во Северна Македонија. Иако дел од нив добиле дозволи за постојан престој како странски државјани, и понатаму постои потреба од воспоставување трајна и формализирана соработка меѓу надлежните институции на Северна Македонија и Косово. Таквата соработка е неопходна за долгорочно решавање на нивниот правен статус и спречување на ризикот од бездржавјанство.

Табела 16: Лица без документи

Индикатор	Состојба до средина на 2024	Состојба во 2025
Вкупно идентификувани лица	526	526
Лица со доделен матичен број	296	395
Лица запишани без матичен број	164	146
Случаи во тек на постапка	164	81
Нерешени случаи со специфични пречки		65
Лица без регулирано државјанство		145 (60 имаат изводи)

Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

6. ДИСКРИМИНАЦИЈА И АНТИЦИГАНИЗАМ

Податоците на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2025 година покажуваат дека етничката припадност била најчесто пријавуваната основа на дискриминација, застапена во 22% од сите поднесени претставки. Во текот на годината биле поднесени вкупно 371 претставка, при што 19 подносители (5%) се изјасниле како припадници на ромската заедница, додека 164 подносители (44%) не ја навеле својата етничка припадност.

Фактот што етничката припадност била најчесто пријавуваната основа укажува дека етничката дискриминација и понатаму претставува значаен предизвик во Северна Македонија. Истовремено, високиот процент подносители кои не ја навеле својата етничка припадност ја ограничува можноста за сеопфатна процена на влијанието на дискриминацијата врз одделните етнички заедници, вклучително и врз ромската заедница.

[7] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ), врз основа на податоци добиени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, 2026 година.

Табела 17: Претставки до Комисија за заштита од дискриминација според етничка припаднос за 2023 - 2025 година

Етничка припадност	2023	2024	2025
Македонци	254	169	129
Албанци	14	29	15
Турци	2	3	11
Роми	12	7	19
Срби	7	2	3
Бошњаци	2	1	5
Власи	2	8	4
Друга етничка припадност	9	8	21
Не се изјасниле	140	124	164
Вкупно подносители на претставки	**442**	**351**	**371**

Извор: Годишни извештаи на КЗСД

Етничката структура на подносителите на претставки покажува дека припадниците на ромската заедница биле континуирано застапени во периодот 2023–2025 година. Во 2023 година, 12 подносители се изјасниле како припадници на ромската заедница, односно 2,7% од вкупниот број подносители. Во 2024 година биле евидентирани 7 подносители Роми (3,1%), додека во 2025 година нивниот број се зголемил на 19 (5%).

Истовремено, значителен дел од подносителите не ја навеле својата етничка припадност – 140 лица во 2023 година, 124 во 2024 година и 164 во 2025 година. Поради тоа, не може целосно и прецизно да се утврди реалната етничка структура на подносителите на претставките. Сепак, достапните податоци укажуваат на зголемување и на бројот и на процентуалната застапеност на подносителите од ромската заедница во 2025 година во споредба со претходните две години.

Табела 18: Претставки на Роми за 2023, 2024 и 2025 година

Година	Број на подносители на претставки – Роми	Учество (%)
2023	12	2,7%*
2024	7	3,1%
2025	19	5,0%

Извор: Годишни извештаи на КЗСД

Во јануари 2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврдила дека сегрегацијата на учениците Роми во ООУ „Панко Брашнаров“ во Велес претставува дискриминација врз основа на раса и етничка припадност. Комисијата му препорачала на училиштето да подготви и да спроведе план за десегрегација на паралелките, како и да организира инклузивни воннаставни активности за поттикнување на интеракцијата меѓу учениците од различните етнички заедници.

Истовремено, на Општина Велес ѝ било препорачано да обезбеди урамнотежена распределба на учениците при реорганизацијата на училишната мрежа, да ја прекине неоправданата практика на запишување ученици надвор од утврдените училишни реони, да организира обуки за спречување на дискриминацијата и сегрегацијата во образованието и да преземе мерки за отстранување на причините

што довеле до сегрегација. Според информациите доставени од Кабинетот на министерот без ресор, на почетокот на 2026 година, во соработка со Советот на Европа и „Ромалитико“, биле спроведени три обуки за наставниот и воспитно-образовниот кадар. На обуките учествувале наставници од основните и средните училишта, како и воспитувачи и негователи од предучилишните установи. Овие активности претставуваат позитивен чекор кон подигнување на свеста за антициганизмот во образовниот сектор, но истовремено укажуваат и на потребата ваквите активности да се прошират во другите сектори.

Кабинетот најавил дека во текот на 2026 година се планира проширување на овој вид обуки и нивно спроведување во други институции на јавната администрација, со цел системско зајакнување на институционалните капацитети за препознавање, спречување и борба против антициганизмот. Ефективноста на овие активности ќе зависи од нивното навремено спроведување, опфатот на институциите и воспоставувањето механизми за следење на нивното влијание.[8]

Во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Интеграција на Ромите III“, на 23 февруари 2026 година била организирана обука за недискриминација и антициганизам наменета за раководителите на центрите за социјална работа.[9] Активноста била насочена кон зајакнување на институционалните капацитети за препознавање и спречување на дискриминацијата и антициганизмот при обезбедувањето јавни услуги.[10]

Дополнително, во текот на 2025 година „Ромалитико“, во соработка со ОБСЕ и Советот на Европа, организирало обуки за антициганизам наменети за судии и јавни обвинители, како и за полициски службеници. Според информациите доставени од Кабинетот на министерот без ресор, во периодот од март 2025 до февруари 2026 година не биле усвоени конкретни законски измени или мерки за правно усогласување со кои концептот на антициганизам би бил вграден во националната правна рамка. Наместо тоа, Владата посочила дека процесот на вклучување на концептот на антициганизам и понатаму се наоѓа во фаза на меѓуинституционални консултации и анализа на можностите за негово интегрирање во постојното законодавство и стратешките документи.[11]

Според одговорот на Владата, надлежните институции ги разгледуваат можностите за вклучување на концептот на антициганизам во политиките поврзани со еднаквоста, недискриминацијата и социјалната инклузија. Дополнително, во рамките на подготовката на новите акциски планови се разгледува можноста за вклучување конкретни мерки и активности за спречување на антициганизмот и соодветно постапување во такви случаи.[12]

---

[8] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ) – Кабинет на министерот без ресор задолжен за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите, 2026 година.
[9] Исто.
[10] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ) – Кабинет на министерот без ресор задолжен за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите, 2026 година.
[11] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ), врз основа на податоци добиени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, 2026 година.
[12] Информации доставени од Бирото за унапредување на односите меѓу заедниците (БУОМЗ) – Кабинет на министерот без ресор задолжен за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите, 2026 година.

Иако овие активности покажуваат одредена институционална заложба за справување со антициганизмот, до крајот на периодот на известување не биле евидентирани конкретни законски измени, усвоени политики или формално вградување на концептот во националната правна рамка.

7. СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА, РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Податоците доставени од Министерството за внатрешни работи за периодот 2020–2024 година покажуваат дека биле евидентирани вкупно 508 случаи на сексуална злоупотреба на деца. Иако најголемиот број жртви биле Македонци – 245, децата Роми биле втората најзастапена етничка група, со 145 евидентирани жртви, односно 28,5% од сите регистрирани случаи. Имајќи предвид дека Ромите претставуваат значително помал дел од вкупното население во Северна Македонија, нивната несразмерна застапеност меѓу жртвите укажува на зголемена ранливост и ја нагласува потребата од насочени мерки за превенција, рано препознавање и заштита.

Податоците дополнително покажуваат дека сексуалната злоупотреба најчесто ги погодува девојчињата и децата на возраст од 11 до 15 години. Истовремено, тие укажуваат на потребата од зајакнување на механизмите за рано пријавување, особено во образовните установи и центрите за социјална работа, како и од обезбедување достапни специјализирани услуги за поддршка на децата жртви.[13]

Табела 19: Жртви на сексуална злоупотреба по етничка припадност (2020–2024)

Етничка припадност	Број на жртви	% од вкупно 508 жртви
Македонци	245	48,2%
Роми	**145**	**28,5%**
Албанци	55	10,8%
Други/непознато	63	12,4%
Вкупно	**508**	**100%**

Извор: Извештај на Народен Правобранител 2026

Децата Роми сочинуваат 28,5% од сите евидентирани жртви на сексуална злоупотреба на деца, што претставува значително повисок процент од нивната застапеност во вкупното население. Ова ја нагласува потребата од насочени политики и програми за превенција, рана интервенција, поддршка на жртвите и зајакнување на довербата на ромските заедници во јавните институции.

Родово базираното и семејното насилство и понатаму претставуваат сериозни предизвици за жените во Северна Македонија, вклучително и за жените Ромки, кои честопати се соочуваат со повеќекратна дискриминација и ограничен пристап до механизмите за заштита и поддршка. Според податоците на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во 2025 година биле евидентирани вкупно 1.269 жени жртви на семејно насилство, од кои 168 биле Ромки. Жените Ромки сочинувале 13,2% од вкупниот број регистрирани жени жртви на семејно насилство во текот на годината.

Во споредба со 2024 година, кога биле евидентирани 1.332 жени жртви на семејно насилство, од кои 142 биле Ромки, во 2025 година се забележува намалување на вкупниот број жртви. Меѓутоа,

[13] *Извештај на Народниот правобранител „Сексуална злоупотреба на деца во Република Северна Македонија: состојба, институционален одговор и предизвици“*

истовремено се зголемиле и бројот и процентуалната застапеност на жените Ромки меѓу жртвите на семејно насилство. Додека во 2024 година жените Ромки сочинувале 10,66% од вкупниот број жртви, во 2025 година нивното учество се зголемило на 13,2%.

Во однос на трговијата со луѓе, во 2025 година биле идентификувани четири жени жртви, при што меѓу идентификуваните жртви не била евидентирана ниту една жена од ромска етничка припадност. Податоците покажуваат дека, и покрај намалувањето на вкупниот број жени жртви на семејно насилство, жените Ромки и понатаму се несразмерно погодени од оваа појава. Ова укажува на потребата од дополнително зајакнување на механизмите за превенција, заштита и поддршка, како и од обезбедување културно соодветни и достапни услуги за жените Ромки изложени на насилство.

Табела 20: Жени жртви на семејно насилство (2020–2025)

Година	**Вкупно жени жртви**	**Ромки**	**% Ромки**
2020	1.540	153	9,94%
2021	1.608	182	11,32%
2022	1.559	154	9,88%
2023	1.605	109	6,79%
2024	1.332	142	10,66%
2025	1.269	168	**13,24%**

Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

8. БЕЗДОМНИШТВО И ДЕЦА НА УЛИЦА

Бездомништвото и животот во неформални населби продолжуваат да претставуваат значаен предизвик за ромската заедница во Северна Македонија. Во 2018 година, државните институции и граѓанските организации обезбедуваа привремено сместување за околу 120 лица од семејствата дислоцирани од населбата под Кале („Полигон“), при што беа спроведувани активности за нивна интеграција во системите на социјална заштита, здравство, образование и вработување.

Во 2025 година поддршката за бездомните лица продолжи преку воспоставените услуги согласно Законот за социјална заштита. Центарот за привремен престој на бездомни лица во Чичино Село обезбедува привремено сместување, психосоцијална поддршка, советување и исхрана, додека Дневниот центар за бездомни лица „Момин Поток“, управуван од Црвениот крст на Град Скопје, обезбедува дневно згрижување, хигиена, едукација, советување и активности за развој на животни и работни вештини. Според податоците од септември 2025 година, во Прифатниот центар во Визбегово сè уште престојуваат 15 семејства со вкупно 89 лица, од кои 28 возрасни и 61 дете. Од вкупниот број деца, 44 се на училишна возраст и се вклучени во образовниот процес во основните училишта „Браќа Рамиз и Хамид“ и „Визбегово“, при што им се обезбедени учебници, униформи, бесплатен оброк и превоз до училиштата.

Во текот на 2025 година беа преземени и мерки за подобрување на институционалниот одговор кон бездомните лица и лицата кои живеат во неформални населби. Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше подготвен Акциски план за поддршка на бездомни Роми и лица кои живеат во неформални населби во Скопје, а беше формирана и меѓуинституционална работна група за координација на неговото спроведување. Во однос на децата на улица, во текот на 2025 година мобилните тимови составени од ЈУ МЦСР Скопје и Министерството за внатрешни работи реализирале повеќе од 100 теренски посети со цел идентификација и поддршка на децата изложени на ризик. Дополнително, Дневниот центар во Кисела Вода продолжува да обезбедува дневен престој, образовна поддршка, советување и активности за развој на животни и работни вештини за децата и нивните семејства.

Според податоците доставени од НВО „Љубезност“, која обезбедува поддршка за лицата сместени во привременото живеалиште „Ранка Милановиќ“, заклучно со 2025 година целосно се регистрирани 59 лица, од кои 30 лица имаат решен статус. Дополнително, 8 лица се на листа на чекање, додека 5 случаи се во тек на постапка, што укажува дека потребата од привремено сместување и понатаму постои.

Табела 22: Податоци од лица во привременото живеалиште во Визбегово

Индикатор	2024	2025
Број на семејства	15	15
Возрасни лица	25	28
Деца	55	61 (44 деца на училишна возраст и 17 деца на возраст од 0 до 6 години
Вкупен број лица	80	89

Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

Табела 23: Деца на училишна возраст во привремено сместување во Визбегово (2024–2025)

Индикатор	2024	2025
Вкупен број деца вклучени во образование	25	44
ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“	12	Дел од вкупно 44 деца
ОУ „Визбегово“ / подрачно училиште во Визбегово	11	Дел од вкупно 44 деца
Обезбедени учебници, униформи, бесплатен оброк и превоз	Нема податок	Да

Извор: Министерство за социјална политика, демографија и млади

За 2025 година податоците се дадени како вкупен број од 44 деца вклучени во образовниот процес во ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ и ОУ „Визбегово“, без распределба по училиште.

РОМСКИ ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ

Ромските информативни центри претставуваат важен механизам за обезбедување информации, посредување и поддршка на ромската заедница во пристапот до јавните услуги и остварувањето на правата од областа на социјалната заштита, здравството, образованието, вработувањето, домувањето и личната документација. Заклучно со декември 2024 година, функционираа четири Ромски информативни центри лоцирани во Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари. Во текот на 2024 година тие обезбедиле вкупно 2.869 услуги, при што дури 99% од услугите биле поврзани со остварување на права и услуги од системот на социјална заштита. Останатите услуги се однесувале на здравствена заштита, домување, образование, вработување и поддршка за обезбедување лична документација. Во текот на 2025 година беше проширена мрежата на Ромски информативни центри и заклучно со декември функционираа центри во Тетово, Кичево, Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари. Во периодот од јануари до декември 2025 година преку овие центри биле обезбедени вкупно 929 услуги.

Најголемиот дел од услугите (95%) биле поврзани со социјалната заштита, додека останатите се однесувале на здравствена заштита, домување, образование, вработување и лична документација. Иако во 2025 година е забележано територијално проширување на мрежата на Ромски информативни центри, истовремено е евидентиран значителен пад на бројот на обезбедени услуги во споредба со 2024 година. Бројот на услуги е намален од 2.869 во 2024 година на 929 во 2025 година, што претставува намалување од околу 68%.

Дополнителен предизвик претставува фактот што во периодот јануари – февруари 2026 година Ромските информативни центри целосно престанале со работа. Во периодот од февруари до март 2026 година повторно започнале со работа само три центри, и тоа во Шуто Оризари, Тетово и Гостивар. Ова укажува на недоволна одржливост на системот и ризик од ограничување на пристапот на ромската заедница до информации и услуги, особено во општините каде што центрите престанале да функционираат. Имајќи ја предвид нивната улога во посредувањето помеѓу ромската заедница и институциите, потребно е да се обезбеди континуирано финансирање и долгорочна институционална поддршка за нивно непречено функционирање.

9. БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во текот на периодот на известување не биле усвоени измени на Законот за бесплатна правна помош со кои би се надминале претходно утврдените недостатоци, вклучително и ограничувањата предвидени во член 13 во однос на покривањето на трошоците во постапките за бесплатна правна помош. Дополнително, и понатаму не се достапни расчленети податоци за корисниците на бесплатна правна помош според етничка припадност, пол, вид на правно прашање и географска распределба, што продолжува да го ограничува следењето на пристапот на Ромите до правда.

Сепак, во 2025 година бил забележан позитивен тренд во користењето на примарната бесплатна правна помош од страна на Ромите. Според податоците доставени од Министерството за правда, бројот на Роми корисници на примарна бесплатна правна помош се зголемил од 596 лица во 2024 година на 751 лице во 2025 година, што претставува зголемување од приближно 26%. Зголемување било забележано кај сите даватели на примарна бесплатна правна помош. Бројот на Роми на кои им била обезбедена помош преку подрачните одделенија се зголемил од 223 на 243, додека бројот на корисници на кои им помогнале овластените граѓански организации се зголемил од 367 на 418. Најзначително зголемување било забележано кај правните клиники, каде што бројот на Роми корисници на примарна бесплатна правна помош се зголемил од 6 во 2024 година на 90 во 2025 година. Овој тренд укажува на подобрен пристап до примарната правна помош и поголемо користење на постојните механизми за правна поддршка.

И покрај овој позитивен развој, достапните податоци не овозможуваат да се процени дали зголемениот број корисници е резултат на поголема информираност за правото на бесплатна правна помош, проширен пристап до услугите или зголемени правни потреби во рамките на ромската заедница.

Табела 24: Примарна правна помош по етничка припадност за 2024 и 2025 година

Категорија	Година	Вкупен број	М	Ж	Мак	Алб	Тур	Ром	Срб	Вла	Други
Подрачни одделенија	2024	2670	1466	1204	1720	459	174	223	3	0	25
Подрачни одделенија	2025	2940	1602	1338	1903	593	172	243	1	0	28
Овластени здруженија	2024	2302	1007	1238	822	44	14	367	1	0	6
Овластени здруженија	2025	1921	762	1062	1046	161	13	418	6	0	61
Правни клиники	2024	58	19	39	26	24	1	6	0	0	0
Правни клиники	2025	210	90	94	92	21	2	90	0	0	3
ВКУПНО	2024	5030	2492	2481	2568	527	189	596	4	0	31
ВКУПНО	2025	5071	2454	2494	3041	775	188	751	7	0	92

Извор: Годишни извештаи за примената на Законот за бесплатна правна помош

Во одредени подрачни одделенија, како што се Кавадарци, Радовиш, Дебар и Карпош, е евидентиран значителен пораст на бројот на корисници, додека во други подрачни одделенија е забележан пад или воопшто не се регистрирани корисници од ромската заедница. Ваквите разлики може да укажуваат на неедначка достапност на услугите, различно ниво на информираност на граѓаните или различен интензитет на теренските активности на институциите и овластените даватели на бесплатна правна помош.

Табела 25: Примарна правна помош на Роми по општини за 2024 и 2025

Подрачно одделение	2024	2025
ПО Крива Паланка	16	13
ПО Берово	30	23
ПО Битола	18	24
ПО Македонски Брод	0	0
ПО Виница	19	10
ПО Валандово	1	0
ПО Гевгелија	0	0
ПО Гостивар	2	4
ПО Дебар	0	11
ПО Делчево	2	3
ПО Демир Хисар	0	0
ПО Кавадарци	0	32
ПО Кичево	29	25
ПО Кочани	0	5
ПО Пробиштип	0	0
ПО Прилеп	0	0
ПО Радовиш	8	22
ПО Неготино	6	12
ПО Охрид	0	0
ПО Ресен	5	10
ПО Свети Николе	2	0
ПО Струга	10	10
ПО Струмица	10	1
ПО Тетово	4	2
ПО Куманово	1	2
ПО Штип	40	0
ПО Карпош	20	26
ПО Кисела Вода	0	1
ПО Гази Баба	1	3
ПО Скопје	0	4
ВКУПНО	**223**	**243**

Извор: Годишни извештаи за примената на Законот за бесплатна правна помош

Овие податоци укажуваат на ризик од продлабочување на долготрајната невработеност. Иако дел од краткорочните категории се намалуваат, зголемувањето кај категориите од две, три и осум и повеќе години покажува дека дел од невработените лица остануваат подолго време надвор од пазарот на трудот. Тоа значи дека системот не успева доволно ефикасно да ги активира лицата кои веќе подолг период се во евиденцијата. Особено загрижува категоријата 8 и повеќе години, бидејќи оваа група претставува најдлабока форма на исклученост од пазарот на трудот. Лицата кои се невработени толку долг период најчесто имаат потреба од посложена поддршка, која не може да се сведе само на посредување за работа. Потребни се доквалификација, мотивациска поддршка, индивидуално советување, социјални услуги, работа со работодавачи и следење по вработување.

Клучната интерпретација е дека намалувањето на бројот на регистрирани невработени не мора автоматски да значи реално подобрување. Доколку намалувањето се случува главно кај краткорочно невработените, а истовремено растат дел од долгорочните категории, тогаш проблемот се поместува кон подлабока и потешко решлива невработеност.

Од аспект на јавни политики, графикот покажува дека активните мерки за вработување треба посебно да ги таргетираат долготрајно невработените лица. Потребно е институциите да не известуваат само за вкупниот број на невработени, туку и за тоа колку лица се невработени повеќе од две, пет или осум години, колку од нив се вклучени во активни мерки и колку реално преминуваат во формално и одржливо вработување.


Затоа, споредбата меѓу 2025 и 2026 година покажува дека постои ограничено подобрување во дел од краткорочните категории, но и сериозен ризик од продолжување на структурната и долготрајна невработеност.

9.6 ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ НА ЛИЦА СО СОСТОЈБА ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2025

Графиците ја прикажуваат динамиката на влез и излез од евиденцијата на невработени лица, со посебен фокус на родовата структура и причините поради кои лицата излегуваат од евиденцијата. Податоците се особено важни бидејќи покажуваат дека намалувањето на бројот на регистрирани невработени не секогаш значи реално вработување. Напротив, значителен дел од излезот од евиденцијата е административен. Првиот график покажува дека приливот во евиденцијата доаѓа од неколку категории: прво пријавување, лица кои доаѓаат од работен однос, лица кои биле симнати и

повторно вратени во евиденција, како и лица префрлени од евиденција на друго лице. Кај приливот се забележува дека жените имаат повисоки бројки во дел од категориите, особено кај „симнати/вратени“, што може да укажува на поголема нестабилност во нивниот статус во евиденцијата.

График 28: Прилив и одлив на невработени Роми, Јан-Дек 2025 година




Извор: БИЈК, АВРСМ

Од друга страна, одливот од евиденцијата покажува дека најголемиот дел од лицата не излегуваат поради засновање работен однос, туку поради административни причини. Вкупно, кај мажите од евиденцијата излегле 1.098 лица, додека кај жените 988 лица. Сепак, структурата на причините покажува значајни разлики. Кај мажите, 31,9% од излезите се поради засновање работен однос, додека кај жените овој удел е понизок и изнесува 26,5%. Ова значи дека мажите почесто излегуваат од евиденцијата поради реално вработување. Во апсолутни бројки, работа засновале 350 мажи и околу 262 жени. Овој податок укажува дека жените, а особено жените Ромки, имаат послаб премин од евиденција кон формално вработување.

Најголемиот дел од излезите кај двата пола се резултат на категоријата „симнати по закон“. Кај мажите оваа причина учествува со 58,3%, а кај жените со 57,8%. Во апсолутни бројки, тоа значи дека од евиденцијата биле симнати 640 мажи и 571 жена. Овој податок е клучен за интерпретација: најголемиот дел од намалувањето на евидентираната невработеност не е резултат на вработување, туку на административно излегување од системот. Третата причина за излез е преминување во евиденција на друго лице. Оваа категорија е значително позастапена кај жените. Кај мажите изнесува 9,8%, додека кај жените 15,7%. Во апсолутни бројки, во оваа категорија има 108 мажи и 155 жени. Ова може да укажува на поголема административна и економска зависност кај жените, но и на поголема ранливост во однос на нивниот статус во системот на евиденција.


График 29: Структура на одлицот мажи и жени, Јан-Дек 2025 година



Извор: БИЈК, АВРСМ

Графикот со поделба по причина и пол дополнително ја потврдува оваа состојба. Од вкупниот одлив, само околу 29% се должи на засновање работен однос, додека останатиот дел е административен — преку симнување по закон или преминување во друга евиденција. Ова значи дека намалувањето на бројот на регистрирани невработени лица не може автоматски да се толкува како подобрување на вработеноста. Особено важно е што жените се помалку застапени кај излезот преку вработување, но повеќе застапени кај преминувањето во евиденција на друго лице.


График 30: Структура на одливот на невработени Роми, Јан-Дек 2026 година



Извор: БИЈК, АВРСМ

Ова укажува дека жените имаат послаба директна врска со формалниот пазар на трудот и почесто остануваат во административни категории наместо да преминат кон реално вработување. Во контекст на ромската заедница, ова е особено значајно бидејќи жените Ромки веќе се соочуваат со повеќекратни бариери: ниско образование, дискриминација, грижа за деца и семејство, ограничена мобилност и помал пристап до активни мерки за вработување.

График 31: Структура на одливот на невработени Роми, Јан-Дек 2026 година



Извор: БИЈК, АВРСМ

Последниот график, кој ја прикажува нето-промената според образовно ниво, покажува дека најголемото нето-намалување е кај лицата без образование и со основно образование, со -283 лица. Намалување има и кај лицата со завршено средно образование со -21 лице, кај непотполно средно образование со -10 лица, како и кај лицата со високо образование со -9 лица. Ова покажува дека бројот на евидентирани невработени се намалува најмногу кај најниско образованата група. Сепак, имајќи предвид дека најголем дел од одливот е административен, ова намалување не треба автоматски да се чита како доказ дека лицата со најниско образование полесно се вработуваат. Напротив, можно е значаен дел од нив да излегуваат од евиденцијата поради административно бришење, неисполнување обврски кон АВРСМ, премин во друга евиденција или други нефункционални причини. Затоа, податоците за нето-намалување мора да се толкуваат заедно со причините за одлив.


Клучниот заклучок е дека системот бележи намалување на бројот на регистрирани невработени, но тоа намалување во голема мера е административно, а не резултат на реално вработување. Само околу една третина од мажите и околу една четвртина од жените излегуваат од евиденцијата поради засновање работен однос. Ова укажува дека активните мерки за вработување имаат ограничен ефект, особено кај жените Ромки.

Од аспект на јавни политики, потребно е институциите да прават јасна разлика меѓу намалување на регистрираната невработеност поради вработување и намалување поради административни причини. Во спротивно, постои ризик официјалните статистики да создадат впечаток на подобрување, додека реалниот пристап до формално и одржливо вработување останува ограничен. Поради тоа, идното известување треба да вклучува посебни индикатори за бројот на лица кои реално се вработиле, видот и времетраењето на вработувањето, полот, етничката припадност, образовното ниво и причините за административно бришење од евиденција. Само така може да се процени дали намалувањето на невработеноста претставува вистински напредок или само статистичко намалување без суштинска промена за ромската заедница.

9.7 ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ НА ЛИЦА ЈАНУАРИ – МАРТ 2026 ГОДИНА

Податоците за првиот квартал од 2026 година покажуваат зголемена динамика во евиденцијата на невработени Роми во споредба со просекот по квартал во 2025 година. Во периодот јануари–март 2026 година, во евиденцијата влегле 608 лица, додека од евиденцијата излегле 697 лица. Ова резултира со нето-намалување од 89 лица, односно повеќе лица излегле од евиденцијата отколку што влегле во неа. На прв поглед, ова може да се толкува како позитивен тренд, бидејќи бројот на регистрирани невработени се намалува. Сепак, подлабоката анализа на причините за одлив покажува дека намалувањето не е целосно резултат на реално вработување. Од вкупно 697 лица кои излегле од евиденцијата во првиот квартал од 2026 година, само 213 лица засновале работен однос, што претставува 30,6% од одливот. Останатиот дел од излезите се должи на административни причини — симнување по закон или преминување во друга евиденција.

График 32: Споредба Q1 2026 vs просек по квартал 2025



Извор: БИЈК, АВРСМ

Овој податок е клучен за интерпретација на регистрираната невработеност. Намалувањето на бројот на евидентирани невработени лица не треба автоматски да се претставува како подобрување на вработеноста, доколку најголемиот дел од одливот не е поврзан со реално засновање работен однос.

Во споредба со нормализираниот квартален просек за 2025 година, во првиот квартал од 2026 година има и поголем прилив и поголем одлив. Приливот во Q1 2026 изнесува 608 лица, наспроти приближно 441 лица по квартал во 2025 година. Тоа значи дека во првиот квартал од 2026 година има значително поголем број лица кои влегле во евиденцијата. Истовремено, одливот во Q1 2026 изнесува 697 лица, наспроти приближно 522 лица по квартал во 2025 година. Ова покажува дека системот бележи поголемо движење на лицата во и надвор од евиденцијата. Сепак, зголемената динамика не значи нужно подобрување на вработувањето, бидејќи значителен дел од одливот е административен.
Кај приливот, најголем дел доаѓа од лицата кои биле симнати и повторно вратени во евиденција и од лицата кои доаѓаат од работен однос. Тоа укажува дека дел од лицата имаат нестабилна врска со пазарот на трудот или со системот на евиденција — влегуваат, излегуваат и повторно се враќаат во статус на регистрирани невработени.

Кај одливот, најголемата категорија е „симнати по закон“, со 387 лица, што претставува повеќе од половина од вкупниот одлив. Ова е значително повисоко од бројот на лица кои засновале работен однос. Оттука, административното бришење останува доминантна причина за излез од евиденцијата.

Водопадниот график ја прикажува целата динамика на движење во евиденцијата. Почетниот прилив изнесува 608 лица, по што следат различни категории на влез: прво пријавување, лица од работен однос, симнати/вратени и лица од евиденција на друго лице. Потоа се прикажуваат категориите на одлив: засновање работен однос, симнати по закон и преминале во друга евиденција.Најголем позитивен прилив е кај лицата од работен однос со 244 лица, како и кај категоријата симнати/вратени со 227 лица. Ова покажува дека значаен дел од лицата кои влегуваат во евиденција не се нови невработени, туку лица кои веќе имале некаква претходна врска со пазарот на трудот или со системот на евиденција. Од друга страна, најголем одлив е кај категоријата симнати по закон, со 387 лица, додека 213 лица излегле поради засновање работен однос. Дополнително, 97 лица преминале во друга евиденција. Вкупниот нето-ефект е -89 лица, односно бројот на регистрирани невработени се намалил, но ова намалување е резултат на комбинација од вработување и административни излези.


График 33: Нето движење Прв квартал 2026 по причини



Извор: БИЈК, АВРСМ

Родовата структура на одливот покажува дека во Q1 2026 од евиденцијата излегле 365 мажи и 332 жени. Кај мажите, 33,7% од одливот е поради засновање работен однос, додека кај жените овој удел е понизок и изнесува 27,1%. Ова покажува дека мажите почесто излегуваат од евиденција преку реално вработување.

График 34: Структура на одливот Q1 2026 — Мажи vs Жени



Извор: БИЈК, АВРСМ

Кај жените, најголемиот дел од одливот е поради симнување по закон, со 59,0%, додека кај мажите оваа категорија изнесува 52,3%. Ова значи дека жените почесто излегуваат од евиденција по административна основа, а поретко преку засновање работен однос. Овој податок е особено важен во контекст на жените Ромки, бидејќи покажува послаба транзиција од евиденција кон формално вработување. Категоријата преминале во друга евиденција е речиси еднакво застапена кај двата пола — 14,0% кај мажите и 13,9% кај жените. Сепак, фактот што жените имаат понизок удел на излез преку вработување и повисок удел на административно симнување укажува на родова нееднаквост во реалните исходи од евиденцијата.


Податоците за јануари–март 2026 година покажуваат дека евиденцијата на невработени Роми има поголема динамика во споредба со просекот од 2025 година. И приливот и одливот се зголемени, а нето-ефектот е намалување од 89 лица. Сепак, најважниот наод е дека само 30,6% од одливот е резултат на засновање работен однос. Тоа значи дека намалувањето на регистрираната невработеност во Q1 2026 е само делумно поврзано со реално вработување. Поголемиот дел од одливот произлегува од административни причини, особено од категоријата „симнати по закон“. Затоа, официјалното намалување на бројот на регистрирани невработени не треба автоматски да се толкува како реално подобрување на состојбата на пазарот на трудот.

Од аспект на јавни политики, потребно е институциите да прават јасна разлика меѓу три различни исходи: лица кои реално се вработиле, лица кои се административно симнати од евиденција и лица кои преминале во друга евиденција. Само првата категорија претставува директен индикатор за подобрување на вработеноста. Дополнително, родовата анализа покажува дека жените имаат послаб

излез кон вработување во споредба со мажите. Ова ја потврдува потребата од посебни мерки за економско активирање на жените Ромки, со фокус на посредување кон работодавачи, доквалификација, поддршка за грижа за деца, индивидуално советување и следење по вработување.
Клучниот заклучок е дека Q1 2026 покажува статистичко намалување на регистрираната невработеност, но не и доволно силен доказ за суштинско подобрување на вработувањето. За реална проценка на напредокот, потребно е да се следи колкав дел од лицата излегуваат од евиденцијата поради формално и одржливо вработување, а не само колку лица се избришани или преместени во друга евиденција.

9.8 ВКЛУЧЕНОСТ НА РОМИТЕ ВО АКТИВНИ МЕРСКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 2025 ГОДИНА


Вкупните индикатори покажуваат дека во 2025 година се поднесени 476 апликации за шест активни мерки, од кои 294 резултирале со учество. Ова претставува 61,8% конверзија од апликација кон учество. Жените поднеле 204 апликации, што претставува 42,9% од вкупните апликации, додека нивното учество изнесува 139 лица, односно 47,3% од вкупното учество.Овој податок е позитивен, бидејќи жените имаат повисок удел во учеството отколку во апликациите. Со други зборови, иако жените сочинуваат помалку од половина од апликантите, нивното учество се приближува кон половина од сите учесници. Ова може да укажува дека жените кои аплицираат имаат релативно добра стапка на премин кон учество.
Сепак, важно е да се нагласи дека жените сè уште се помалку застапени во фазата на аплицирање. Затоа, потребни се дополнителни активности за информирање, мотивација и поддршка на жените Ромки да аплицираат за активни мерки, особено во мерки кои водат кон формално и одржливо вработување.



Графикот покажува дека во 2025 година вкупно се поднесени 476 апликации, од кои 294 резултирале со учество, што претставува вкупна стапка на конверзија од 61,8%. Најголем број апликации има кај мерките „Субвенции – нови работни места“ со 142 апликации и „Самовработување со грант“ со 141 апликација. Сепак, овие две мерки имаат многу различен исход: кај субвенциите учествувале 126 лица, додека кај самовработувањето само 38 лица.

Ова покажува дека интересот за самовработување е висок, но преминот од апликација кон реално учество е слаб. Наспроти тоа, мерката за субвенционирање нови работни места има и висок интерес и високо учество. Значајно учество се забележува и кај работното ангажирање, каде од 119 апликации, 97 лица учествувале. Мерките економија на грижа и практикантство имаат многу мал број апликации и учесници, што укажува или на ограничена понуда, или на недоволна информираност и интерес кај целната група.
Клучната порака од графикот е дека бројот на апликации сам по себе не е доволен индикатор за успешност. Потребно е да се следи колку апликанти реално преминуваат во учество, бидејќи кај некои мерки постои голем јаз меѓу интересот и реалниот пристап.

Графи 35: Апликации и учество по мерка во Оперативниот план за вработување, 2025 година




Ивор: БИЈК, АВРСМ

Графикот ја прикажува стапката на конверзија од апликација кон учество по мерка. Највисока конверзија има мерката „Субвенции – нови работни места“, со 88,7%, што укажува дека речиси девет од десет апликанти преминале во учество. Висока конверзија има и работното ангажирање, со 81,5%, како и практикантството, со 80%, иако практикантството има многу мал апсолутен број апликанти.

Најслаба конверзија има мерката „Самовработување со грант“, со само 27%. Ова е најголемиот јаз меѓу интересот и реалното учество. Иако оваа мерка има речиси ист број апликации како субвенциите, бројот на учесници е многу помал. Ова може да укажува на построги критериуми, сложена административна процедура, ограничени средства, слаб квалитет на бизнис-планови или недоволна подготвеност на апликантите за претприемачки мерки. Мерката „Обука за побарувани занимања“ има конверзија од 41%, што е умерено ниско, додека економија на грижа има 50%. Овие резултати покажуваат дека некои мерки се поефикасни во претворање на интересот во реално учество, додека други бараат дополнителна поддршка, поедноставување на процедурите и подобро насочување кон потребите на апликантите.


График 36: Стапки на конверзија по мерка



Извор: БИЈК, АВРСМ

Графикот покажува дека жените во повеќето мерки имаат повисок удел во учеството отколку во апликациите. Кај самовработување со грант, жените сочинуваат 35,5% од апликациите, но 42,1% од учеството, што укажува на позитивен премин за жените во оваа мерка. Слично, кај работното ангажирање, жените се 54,6% од апликациите, но 56,7% од учесниците. Кај обуките за побарувани занимања, жените сочинуваат 31,1% од апликациите, но 36% од учеството, што повторно покажува дека жените кои аплицираат имаат релативно добра шанса да бидат вклучени. Кај економија на грижа, жените имаат идентичен удел од 75% и кај апликациите и кај учеството, што е очекувано имајќи ја предвид природата на оваа мерка. Единствено кај практикантството се забележува пад: жените се 60% од апликациите, но 50% од учеството. Кај субвенциите за нови работни места уделот е речиси идентичен, односно 43% од апликациите и 42,9% од учеството. Овој график покажува дека главниот проблем не е нужно селекцијата на жените по аплицирање, туку нивното првично охрабрување и поддршка да аплицираат. Жените имаат добра конверзија во повеќе мерки, но нивниот удел во апликациите останува ограничен кај дел од мерките.

График 37: % Жени – апликации наспроти учество по мерка




Извор: БИЈК, АВРСМ

Графикот покажува дека најголемиот број апликанти и учесници се лица со основно образование. Од оваа група има 299 апликации и 196 учесници, што покажува дека лицата со основно образование се доминантна група во активните мерки. Лицата со средно образование имаат 171 апликација и 94 учесници. Кај лицата со високо образование има само 4 апликации и 2 учесници, додека кај лицата со постдипломско образование има 2 апликации и 2 учесници. Овие бројки покажуваат дека активните мерки најмногу ги опфаќаат лицата со основно и средно образование, додека лицата со повисоко образование се речиси незастапени. Ова е важно бидејќи ја потврдува образовната структура на регистрираните невработени Роми, каде доминираат лица со ниско образовно ниво. Сепак, фактот што постои значителен број лица со основно образование кои учествуваат во мерките покажува дека

програмите мора да бидат прилагодени на нивното образовно ниво, преку практични обуки, менторство и едноставна административна поддршка.


График 38: Образование — апликации наспроти учество



Извор: БИЈК, АВРСМ

Графикот ја покажува родовата структура на апликантите според образовно ниво. Кај лицата со основно образование, жените сочинуваат 43,5% од апликациите, додека кај лицата со средно образование нивниот удел е 41,5%. Ова покажува релативно слично ниво на женско учество кај двете најголеми образовни групи. Кај лицата со високо образование, жените сочинуваат 75% од апликациите, но ова треба да се толкува внимателно бидејќи апсолутниот број е многу мал. Кога бројот на апликации е низок, процентите можат да изгледаат високи, но да не претставуваат силен тренд.

График 39: % жени по образование - апликации




Графикот укажува дека жените Ромки аплицираат во сите образовни категории, но нивното учество кај основното и средното образование останува под половина. Тоа значи дека иако жените имаат значајно присуство, сè уште постои простор за зголемување на нивната вклученост, особено кај мерките насочени кон лица со основно и средно образование. Графикот покажува дека различните мерки опфаќаат различен образовен профил на учесници. Кај работното ангажирање, доминираат лица со основно образование, со 89,9%, додека лицата со средно образование сочинуваат само 10,1%. Ова покажува дека оваа мерка најмногу ги опфаќа лицата со најниско образовно ниво.

Кај субвенциите за нови работни места, лицата со основно образование се 60,6%, лицата со средно образование 38%, а лицата со високо или постдипломско образование само 1,4%. Кај самовработување со грант, структурата е нешто порамномерна: 53,2% се со основно образование, 45,4% со средно образование, а 1,4% со високо или постдипломско образование. Кај обуките за побарувани занимања, лицата со средно образование имаат најголем удел со 50,8%, додека лицата со основно образование се 45,9%. Ова покажува дека обуките повеќе ги привлекуваат или селектираат

лицата со повисоко образовно ниво во споредба со работното ангажирање. Кај економија на грижа, лицата со средно образование се 62,5%, додека кај практикантството сите учесници се со средно образование.

Овој график покажува дека мерките не треба да се дизајнираат униформно. Лицата со основно образование најмногу се вклучуваат во работно ангажирање и субвенции, додека лицата со средно образование се повеќе присутни во обуки, економија на грижа и практикантство. Затоа, секоја мерка треба да има различен пристап, критериуми и вид на поддршка.

График 40: Образовна структура по мерка



Извор: БИЈК, АВРСМ

Графикот покажува дека најголем број апликации доаѓаат од Кочани, со 63 апликации, од кои 29 се од жени. Потоа следуваат Шуто Оризари со 49 апликации, Тетово со 45, Виница со 30, Делчево со 28 и Прилеп со 26. Ова покажува дека апликациите се концентрирани во ограничен број општини.

Кај учеството, повторно највисоко е Кочани, со 51 учесник, од кои 27 се жени. Потоа следуваат Тетово со 26 учесници, Шуто Оризари со 22, Виница со 20, Делчево со 18 и Штип со 14. Интересно е што некои општини со висок број апликации немаат исто толку висок број учесници, што укажува на различна стапка на конверзија по општина. Од родов аспект, во дел од општините жените имаат значајно учество. На пример, во Кочани жените се 29 од 63 апликации и 27 од 51 учесник, што покажува добра родова застапеност и во аплицирањето и во реалното учество. Во Кавадарци, жените се 13 од 20 апликации и 9 од 13 учесници, што укажува на силна женска застапеност.
Овој график покажува дека локалниот контекст е многу важен. Општините со повисоки апликации и учество веројатно имаат подобра информираност, посилна теренска работа или поголема поврзаност со локалните институции и работодавачи. Затоа, успешните локални практики треба да се анализираат и да се пренесат во општините со послаба апликација и учество. Кочани се издвојува како општина со најголем обем и релативно висока конверзија: 63 апликации и 51 учесник. Тоа покажува дека Кочани има и силен интерес и добра реализација. Теарце има помал број апликации, но многу висока конверзија, со 14 апликации и 13 учесници, што укажува дека речиси сите апликанти преминале во учество. Виница, Делчево, Кавадарци и Штип имаат умерен број апликации и релативно солидна

конверзија. Наспроти тоа, Шуто Оризари и Тетово имаат висок број апликации, но пониско учество во однос на интересот.


График 41: Топ 10 општини — апликации и учество



Извор: БИЈК, АВРСМ

Ова покажува дека во овие општини постои значителна побарувачка, но и поголем јаз меѓу аплицирањето и реалното учество. Особено треба да се анализираат општините каде има висок број апликации, но ниска конверзија. Таму проблемот можеби не е недоволен интерес, туку административни бариери, недоволна поддршка во процесот, несоодветност на критериумите или ограничен број достапни места. Од друга страна, општините со висока конверзија можат да послужат како пример за подобра локална имплементација. Клучната порака од графикот е дека ефективноста на активните мерки не зависи само од националниот дизајн, туку и од локалната имплементација. Затоа, потребно е да се следи конверзијата по општина и да се идентификува каде апликациите се претвораат во реално учество, а каде се губат во процесот.

График 42: Конверзија по општина — scatter plot



Извор: БИЈК, АВРСМ


11. БУЏЕТ

Буџетските податоци за 2025 и 2026 година покажуваат дека имплементацијата на Националната стратегија за Ромите и понатаму во голема мера зависи од ограничен број министерства, при што најголемиот дел од средствата се концентрирани во образованието, а потоа во транспортот и инфраструктурата. Сепак, споредбата меѓу планираниот и реализираниот буџет открива значајна разлика меѓу формалното буџетирање и реалниот институционален капацитет за навремена и целосна имплементација на средствата.

8.1 ПЛАНИРАН , РЕАЛИЗИРАН БУЏЕТ И БУЏЕТСКИ ЈАЗ ЗА 2025 ГОДИНА

Во 2025 година, вкупниот планиран буџет за четирите министерства изнесува 75,8 милиони денари. Најголемата распределба е предвидена кај Министерството за образование и наука, со 42,4 милиони денари, што претставува повеќе од половина од вкупниот планиран буџет. Ова покажува дека образованието останува доминантна приоритетна област во рамки на имплементацијата на Националната стратегија за Ромите.
Министерството за транспорт и врски има планиран буџет од 20 милиони денари, што ја потврдува важноста на инфраструктурните интервенции во ромските населби. Министерството за труд и социјална политика има планиран буџет од 7,4 милиони денари, додека Министерството за здравство располага со 6 милиони денари.

График 9 : Планиран наспроти Реализиран Буџет за имплементацијата на Националната стратегија з Роми 2025 година



Извор: Open finance


Од аспект на јавни политики, структурата на буџетот за 2025 година покажува јасна концентрација на средствата во образованието и инфраструктурата, додека вработувањето, социјалната заштита и здравството добиваат значително помал дел од средствата. Ова создава секторска нерамнотежа, бидејќи инклузијата на Ромите бара истовремен напредок во образованието, вработувањето, домувањето, инфраструктурата, здравството и социјалната заштита.

РЕАЛИЗИРАН БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА

Од планираните 75,8 милиони денари, во 2025 година се реализирани 59 милиони денари, односно 77,9% од вкупно планираниот буџет. Иако ова покажува дека поголемиот дел од средствата биле искористени, стапката на реализација е пониска во споредба со 2024 година, кога вкупната реализација изнесувала 91%. Ова укажува на намалување на апсорпциискиот капацитет на институциите.

Највисока стапка на реализација во 2025 година има Министерството за транспорт и врски, кое реализирало 18,4 милиони денари од планираните 20 милиони денари, односно 91,9%. Ова укажува на релативно силен капацитет за имплементација на инфраструктурни мерки и проекти.

График 10 : Нереализирани средства по министерства за 2025 година



Извор: Open finance

Министерството за здравство реализирало 4,8 милиони денари од планираните 6 милиони денари, односно 80,4%. Ова претставува солидна реализација, особено ако се земат предвид претходно идентификуваните слабости поврзани со мониторингот, изборот и институционализацијата на ромските здравствени медијатори.


Министерството за образование и наука реализирало 32,7 милиони денари од планираните 42,4 милиони денари, што претставува реализација од 77,1%. Иако образованието останува најголемата буџетска област, токму кај ова министерство се забележува и најголем неискористен износ во апсолутна вредност — приближно 9,7 милиони денари. Ова значи дека образованието истовремено е главна област на инвестиција, но и област каде што нереализираните средства имаат најголемо финансиско влијание.

Најниска реализација има Министерството за труд и социјална политика, кое реализирало само 3,1 милиони денари од планираните 7,4 милиони денари, односно 42,2%. Ова е особено загрижувачки, бидејќи мерките за вработување, социјална заштита и активација се клучни за намалување на сиромаштијата и долгорочната социјална исклученост кај ромската заедница.

БУЏЕТСКИ ЈАЗ И НЕИСКОРИСТЕНИ СРЕДСТВА ВО 2025 ГОДИНА

Буџетскиот јаз, односно разликата меѓу планираниот и реализираниот буџет во 2025 година, изнесува приближно 16,8 милиони денари. Најголем неискористен износ има во образованието, со 9,7 милиони денари, потоа во трудот и социјалната политика со 4,3 милиони денари, транспортот со 1,6 милиони денари, и здравството со 1,2 милиони денари.
Ова покажува дека проблемот не е само во висината на буџетот, туку и во способноста на институциите да ги претворат планираните средства во реални услуги, инфраструктурни интервенции, програми и директни придобивки за ромските заедници. Клучната поука е дека самото буџетирање не гарантира инклузија. Буџетската ставка станува значајна само кога е навремено реализирана, соодветно мониторирана и поврзана со конкретни резултати за ромските граѓани.

График 11 : Процент на реализација на средствата за Стратегијата за Роми 2025 и 2026 година



Извор: Open finance

8.2 БУЏЕТ 2026, СПОРЕДБА НА ПЛНИРАНИ БУЏЕТИ И РЕАЛИЗЦИЈА ДО МАРТ 2026 НА

Планираниот буџет за 2026 година изнесува 72,6 милиони денари, додека во 2025 година изнесувал 75,8 милиони денари. Ова претставува намалување од приближно 3,2 милиони денари, односно 4,2%.

Табела 21: Споредба на планираните буџето за Имплементација на Стратегијата за Роми 2025-2026

Министерство	Планиран буџет 2025	Планиран буџет 2026	Разлика	Промена
Транспорт и врски	20,0 милиони ден.	20,0 милиони ден.	0	0%
Труд и социјална политика	7,4 милиони ден.	6,1 милиони ден.	-1,3 милиони ден.	-17,6%
Образование и наука	42,4 милиони ден.	40,5 милиони ден.	-1,9 милиони ден.	-4,5%
Здравство	6,0 милиони ден.	6,0 милиони ден.	0	0%
Вкупно	75,8 милиони ден.	72,6 милиони ден.	-3,2 милиони ден.	-4,2%

Извор: Министерство за финансии


Најголемо намалување во апсолутен износ се забележува кај Министерството за образование и наука, каде буџетот се намалува од 42,4 милиони денари на 40,5 милиони денари. Сепак, образованието и понатаму останува најголемата буџетска категорија во 2026 година. Второто значајно намалување е кај Министерството за труд и социјална политика, каде буџетот се намалува од 7,4 милиони денари на 6,1 милиони денари. Ова намалување е особено проблематично бидејќи токму ова министерство имало најниска стапка на реализација во 2025 година. Наместо намалување на средствата, потребно е јакнење на институционалниот капацитет, подобро планирање и навремена имплементација. Буџетите за транспорт и врски и здравство остануваат непроменети во номинален износ. Сепак, доколку се земат

предвид инфлацијата и зголемените трошоци за услуги и материјали, номинално непроменет буџет во реална вредност може да значи намалена куповна моќ.

РЕАЛИЗИРАН БУЏЕТ ДО 2026 (ЈУНИ)

До 1 јуни 2026 година, вкупно реализираниот буџет изнесува 19,3 милиони денари, односно 26,6% од вкупно планираниот годишен буџет. Ова укажува на забавен почеток на имплементацијата во првата половина од годината. Реализацијата во 2026 година е силно концентрирана во Министерството за образование и наука, кое реализирало 18,3 милиони денари, односно 45,3% од својот годишен планиран буџет. Тоа значи дека речиси целокупниот реализиран износ до јуни 2026 година доаѓа од образованието.

График 12: Планиран наспроти Реализиран Буџет за имплементацијата на Националната стратегија з Роми 2026 година



Извор: Open finance

Наспроти тоа, Министерството за транспорт и врски има 0 денари реализација до 1 јуни 2026 година, иако има планиран буџет од 20 милиони денари. Ова претставува значаен ризик за имплементација, бидејќи повеќе од една четвртина од вкупниот годишен буџет останува целосно неактивен во првиот дел од годината. Министерството за труд и социјална политика реализирало само 662 илјади денари, односно 10,8% од својот годишен буџет, додека Министерството за здравство реализирало само 342 илјади денари, односно 5,7%. Овие ниски стапки на реализација укажуваат дека социјалните и здравствените мерки не се спроведуваат со потребното темпо.

Податоците за 2026 година откриваат три различни типови на буџетски ризик.

- Прво, постои ризик од нулта реализација кај транспортот. Министерството за транспорт и врски располага со значаен планиран буџет, но до 1 јуни нема никаква реализација. Ова може да укажува на доцнење во јавни набавки, административни пречки, слаба подготовка на проектите или имплементација која е оставена за втората половина од годината. Имајќи предвид дека е најавена реконструкција на Влада, како и можни избори во текот на последниот квартал на 2026 година, реалицијата на средствата се во умерен ризик.
- Второ, постои ризик од прекумерна концентрација кај образованието. Образованието сочинува околу 56% од вкупниот планиран буџет за 2026 година, но до јуни претставува речиси 95% од вкупно реализираните средства. Ова значи дека имплементацијата на Националната

стратегија за Ромите во 2026 година, барем во првиот дел од годината, е речиси целосно водена од образовниот сектор.

- Трето, постои ризик од потфрлање на социјалните и здравствените услуги. Трудот и социјалната политика заедно со здравството имаат планирани 12,1 милиони денари, но до јуни се реализирани само околу 1 милион денари. Овие сектори се од суштинско значење за ромската инклузија, бидејќи директно влијаат врз вработувањето, намалувањето на сиромаштијата, пристапот до здравствени услуги и социјалната заштита.

Буџетската анализа покажува дека имплементацијата на Националната стратегија за Ромите продолжува да зависи од формални буџетски обврски, но тие обврски не секогаш се преточуваат во навремена, рамномерна и целосна реализација. Во 2025 година, реализирани се 59 милиони денари, но стапката на реализација од 77,9% покажува дека повеќе од 16 милиони денари останале неискористени. Планираниот буџет за 2026 година е благо намален, од 75,8 милиони денари во 2025 година на 72,6 милиони денари во 2026 година. Поважно од самото намалување е тоа што до 1 јуни 2026 година се реализирани само 26,6% од годишниот буџет. Ова создава ризик дека имплементацијата ќе биде одложена, концентрирана на крајот од годината или делумно нереализирана.

Податоците исто така покажуваат дека образованието доминира и во планирањето и во реализацијата, додека трудот, социјалната политика и здравството остануваат недоволно реализирани. Ова е проблематично бидејќи ромската инклузија не може да се постигне само преку образовни мерки. Вработувањето, здравството, инфраструктурата, домувањето и социјалната заштита мора да се спроведуваат паралелно.

Затоа, клучната препорака е не само да се задржат или зголемат буџетските средства за ромска инклузија, туку да се воспостави посилен систем за имплементација и мониторинг. Министерствата треба квартално да известуваат за планираните и реализираните средства, да ги објаснуваат доцнењата и да ги поврзат расходите со конкретни резултати за ромските заедници. Без ваков пристап, Националната стратегија ризикува да остане формален документ, наместо практичен инструмент за намалување на нееднаквоста и исклученоста.

12. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Генерално, периодот на известување покажува дека Северна Македонија продолжила да ја унапредува институционалната и правната рамка за инклузија на Ромите преку зајакнување на механизмите за координација, подготовка на нови национални акциски планови, насочени инвестиции и повеќе позитивни промени. Во образованието е забележан напредок преку воведување туторска поддршка, зголемување на бројот на ромски образовни медијатори, објавување на учебникот по ромски јазик за шесто одделение и подготовка на учебникот за седмо одделение. Во здравството, приближно 77% од Ромите се опфатени со здравствено осигурување, 100% од породувањата на жените Ромки се одвиваат во здравствени установи, средствата наменети за жените од ранливите категории се зголемиле за повеќе од 2,3 милиони денари, а буџетот за програмата за имунизација се зголемил за 7,5%. Сепак, стапката на смртност кај доенчињата Роми останува висока и изнесува 8,7‰, во споредба со националниот просек од 2,9‰.

Во областа на домувањето продолжиле да се издвојуваат 20 милиони денари за комунална инфраструктура, а биле легализирани 54 домови на ромски семејства. Истовремено, 15 семејства, односно 89 лица, меѓу кои 61 дете, продолжиле да живеат во привремено сместување во Визбегово. Значителен напредок бил постигнат и во граѓанската регистрација, при што 395 од првично идентификуваните 526 лица, односно 75,1%, добиле единствен матичен број. Сепак, 145 лица и понатаму остануваат без регулирано државјанство.

Спроведувањето на Националната стратегија за Ромите, сепак, продолжува да се соочува со значајни структурни предизвици. Реализацијата на буџетот се намалила од 91% во 2024 година на 77,9% во 2025 година, додека до 1 јуни 2026 година биле реализирани само 26,6% од годишниот буџет. Речиси сите расходи биле концентрирани во образованието, додека реализацијата изнесувала 0% во транспортот, 10,8% во социјалната политика и 5,7% во здравството. Вкупниот планиран буџет за 2026 година, исто така, бил намален за 4,2%.Дискриминацијата врз основа на етничка припадност останала најчесто пријавуваната основа и била застапена во 22% од сите претставки за дискриминација, додека Ромите сочинувале 5% од подносителите на претставки. Децата Роми сочинувале 28,5% од сите евидентирани жртви на сексуална злоупотреба на деца во периодот 2020–2024 година, што укажува на нивната несразмерна ранливост. Показателите за пазарот на трудот покажуваат дека Ромите имаат помала корист од општото подобрување на состојбата со вработувањето. Додека вкупната регистрирана невработеност се намалила за 6,7% во 2025 година, невработеноста кај Ромите се намалила за само 2,2%, а кај жените Ромки за само 0,8%.

Во првиот квартал од 2026 година, вкупната невработеност се намалила за 1,7%, во споредба со намалувањето од само 0,6% кај Ромите и 0,3% кај жените Ромки. Како резултат на тоа, Ромите сочинувале 11,3% од сите регистрирани невработени лица, додека жените Ромки претставувале приближно 53% од регистрираните невработени Роми и 11,4% од вкупниот број невработени жени. Околу 93–94% од регистрираните невработени Роми имале завршено само основно образование или пониско ниво на образование, повеќе од 60% биле на возраст од 35 до 59 години, а приближно две третини биле невработени подолго од две години. Дополнително, најголемиот дел од бришењата од евиденцијата на невработени лица биле резултат на административно одјавување, а не на засновање работен однос. Активните мерки за вработување забележале вкупна стапка на премин во вработување од 61,8%, со значителни разлики меѓу одделните мерки и општини.

Позитивни промени биле забележани и во пристапот до правда и институционалната поддршка. Бројот на Роми корисници на примарна бесплатна правна помош се зголемил за 26%, од 596 во 2024 година на 751 во 2025 година. Особено значително било зголемувањето на бројот на корисници на правните клиники, од 6 на 90 лица. Истовремено, мрежата на ромски информативни центри се проширила од четири на шест центри. Сепак, бројот на обезбедени услуги се намалил од 2.869 на 929, а привременото прекинување на работата на сите центри на почетокот на 2026 година предизвикало загриженост во однос на нивната одржливост. И покрај постојната правна рамка, во текот на 2025 година ниту една жртва Ромка на семејно насилство не поднела барање за паричен надоместок, што укажува на континуирано постоење пречки во пристапот до расположливите механизми за заштита.

Генерално, иако е постигнат значаен напредок во зајакнувањето на институционалната рамка и проширувањето на повеќе мерки за инклузија, достапните докази покажуваат дека структурните нееднаквости што ги погодуваат Ромите и понатаму опстојуваат во образованието, вработувањето, здравството, домувањето, пристапот до правда и социјалната инклузија. Ефективното спроведување на

Националната стратегија за Ромите, оттука, нема да зависи само од усвојувањето нови политики и мерки, туку и од нивното доследно спроведување, соодветната реализација на буџетот, воспоставувањето веродостојни системи за следење и постигнувањето мерливи подобрувања во животните услови и еднаквите можности на ромските заедници.

ПРЕПОРАКИ

- Без одлагање да се усвојат новите акциски планови, со јасно утврдени мерки, надлежни институции, рокови, буџети и мерливи индикатори.
- Да се обезбеди континуирано спроведување на програмите за стипендирање и да се воведат насочени мерки за запирање на падот на стапките на запишување и завршување на основното и средното образование кај учениците Роми.
- Да се прошири географскиот опфат на ромските образовни медијатори и да се објавуваат анонимизирани годишни извештаи за нивните активности, резултати и влијание.
- Без дополнително одлагање да се спроведе законски предвидената програма за туторска поддршка и редовно да се следат нејзиниот опфат и ефективност.
- Да се развијат насочени програми за образование на возрасни Роми и да се следат стапките на завршување, стекнувањето сертификати и резултатите во однос на вработувањето.
- Да се прошири мерката за ослободување од плаќање партиципација за предучилишно образование и да се обезбеди нејзино спроведување во сите предвидени општини, особено во Шуто Оризари и Кичево.
- Повторно да се воспостави и соодветно да се финансира програмата за ромски здравствени медијатори, со приоритет на заедниците со ограничен пристап до здравствена заштита и висока стапка на смртност кај доенчињата и предвремена смртност.
- Да се воспостави транспарентна рамка за следење и известување за работата на здравствените медијатори и другите насочени здравствени мерки, преку индикатори расчленети според етничка припадност, пол, возраст и општина.
- Да се прошират превентивните услуги, постнаталната грижа и вакцинацијата во ромските населби преку финансирана теренска работа, посети од врата до врата и достапни повеќејазични информации.
- Да се отстранат документарните и административните пречки што ги спречуваат Ромите да добијат здравствено осигурување и да пристапат до здравствените услуги.
- Да се следи и јавно да се известува за начинот на трошење на зголемените средства за жените без лични документи, неосигурените жени и жените во ранлива положба, како и за постигнатите резултати.
- Итно да се обезбеди безбедно и одржливо домување за ромските семејства што живеат во супстандардни услови.
- Јавните повици за инфраструктурни проекти да се објавуваат навремено, а на општините да им се обезбеди доволно време за реализација.

- Да се забрза процесот на легализација и да се усвои Законот за социјално домување, придружен со соодветно финансирање и обезбеден пристап до основните услуги.
- Да се забрза решавањето на преостанатите случаи на граѓанска регистрација и државјанство преку посилна координација меѓу надлежните институции.
- Да се усвои и спроведе Протоколот за утврдување на бездржавјанство и да се обезбеди ефективна заштита од ризикот од бездржавјанство.
- Да продолжи обезбедувањето мобилна бесплатна правна помош и да се воспостави формална соработка со Косово за решавање на сложените прекугранични случаи.
- Концептот на антициганизам формално да се вклучи во законодавството, јавните политики и новите акциски планови за Стратегијата за Ромите, со утврдени мерливи индикатори.
- Да се спроведуваат и следат мерките за десегрегација во училиштата и да се прошират задолжителните обуки за антициганизам во јавните институции.
- Да се зајакнат насочената превенција, раното пријавување и специјализираните услуги за поддршка на децата и жените Роми погодени од злоупотреба и насилство.
- Министерствата да се задолжат квартално да известуваат за планираните и реализираните средства, доцнењата и мерливите резултати.
- Да се забрза спроведувањето на мерките, особено во транспортот, здравството и социјалната политика, за да се спречат трошењето на средствата на крајот од годината и неискористувањето на одобрените средства.
- Да се обезбеди урамнотежена распределба на средствата меѓу образованието, вработувањето, домувањето, здравството и социјалната заштита.
- Да се воведат насочени мерки за вработување на жените Ромки, вклучувајќи обуки, грижа за децата, менторство, превоз и финансиски стимулации за работодавците.
- Да се поедностави пристапот до грантовите за самовработување и на апликантите да им се обезбеди поддршка за развој на деловните идеи и исполнување на административните обврски.
- Одделно да се известува за одржливите вработувања и за административните бришења од евиденцијата на невработени лица, со податоци расчленети според етничка припадност, пол и степен на образование.
- Да се обезбедат одржливи станбени решенија за бездомните ромски семејства и целосно да се спроведе Акцискиот план за лицата што живеат во неформални населби.
- Да се обезбедат континуирано финансирање и непречено функционирање на ромските информативни центри во сите релевантни општини.
- Да се отстранат пречките во пристапот до бесплатната правна помош и паричниот надоместок преку законски измени, насочено информирање и следење врз основа на расчленети податоци.